**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владо Бучковски,Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мехдун Тачи, Фиујат Цаноски, Марјан Додовски, Весна Јаневска, Горан Мисовски, Ристо Пенов, Радмила Шеќеринска, Илинка Митреба, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дуркаи, Зумрете Јапуки, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам де притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Врз основа на член 129, ставови 1 и 2 од Законот за радио дифузната дејност, по Предлог на Советот на МРТВ, Собранието констатира дека на членовите на Советот на МРТВ Горан Коевски и Раде Сиљан им претанува мандатот пред истекот на рокот за кој се именувани, поради поднесување на оставка.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за именување на членови на Советот на Македонската радио телевизија,

Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и члнови на Советот за научно културните средби “10 Дена Крушевска Република”.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија,

Предлог одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секоја од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи освната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе,

Како што и вие контатиравте имаме оставки на двајца членови на Советот на МРТВ.

Неопходноста односно итноста на оваа седница да се стават како точки на дневен ред предложените одлуки се состои во тоа што Советот на МРТВ е некомплетен. Имаме допис со кој претседателот на Советот на МРТВ бара побрзо да се изврши именување на двајца членови.

Исто така, со оглед на тоа што на Советот за научно културни средби “10 Дена Крушевска Република” и е истечен мандатот уште во декември 2006 година, барањето е побрзо да се состави Советот за научно културните средби за да може да почне со своите подготовки во однос на сите активности што треба да ги превземе.

Исто така на Републичкиот совет за безбедност на сообртаќајот на патиштата му е истечен мандатот и треба да се формира нов за да може да ги превземат сите свои активности.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата бара на оваа седница овие одлуки да се стават како точки на дневен ред, заради нивната итност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот за именување членови на Советот на МРТВ, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласаа 66, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно културните средби “10 Дена Крушевска Република” , да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 63, воздржани нема, против еден.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 64, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за именување на членови на Советот на Македонската радио телевизија;

2. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно културните средби “10 дена Крушевска Република”;

3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици, на комисиите на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задолжувањер на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, “Електрани на Македонија” во државна сопственост, Скопје кај “Кредитна банка за обнова” од Франкфурт на Мајна, СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино, од фирмата “МАН Такраф фердертехник” Гмбх од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владта на Република Македонија и Владата на Република Финска за соработка и взаема помош по царисnки прашања, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Зконот за животна средина, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

9 .Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициони фондови со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за меѓународно приватно право;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за туристичките заедници во Република Македонија;

17. Предлог за донесување на закон за такса за привремен престој;

18. Предлог за донесување на закон за туристичката инспекција;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија со Предлог на закон;

22. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информациите од јавен карактер;

23. Барање за давање автентично толкување на член 12 од Законот за даноците на имот, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова. Дали има предлог за изменување на дневниот ред?

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен дневниот ред.

Дали има предлози за изменување на дневниот ред.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Предлагам точката 7, Предлог за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон, да биде точка 16 затоа што Комисијата за економски прашања сеуште го нема завршено разгледувањето на овој закон, па да оставиме простор за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 57, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

Во врска со дневниот ред има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Бидејќи сум предлагач на еден пакет од пет закони од областа на туризмот и гледам дека точките се ставени по редослед кој не соодвествува, бидејќи тие си имаат логичка нишка, тоа се точките од 16 до 20, па да се измени редоследот така што точката 18 да биде точка 16, потоа точка 20 да стане точка 17 и точка 19 да стане точка 18 и точка 16 да стане точка 20. Значи само едно прередување на редоследот на овие закони, по логичен ред како што произлегуваат еден од друг.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на госпоѓа Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 52, воздржани 5, против 5.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Збор побара пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, бидејќи немав можност да се јавам во моментот кога госпоѓа Бонева предложи измена на дневниот ред, се јавувам сега, чисто заради информирање на пратениците и на јавноста.

Имено, да не се злоупотребува Комисијата за економија дека таа не си ја завршила работата и заради тоа се бара премостување на точка на дневен ред.

Комисијата за економија си ја заврши својата работа, само работата е во тоа што Комисијата за економија не се согласува, барем најголем дел на пратениците, со ваков предложен закон. Сега ако владеачкото мнозинство го поддржува тоа што јас иницирав на Комисија за економија, а таму не сакаа со тоа да се согласат, тогаш во ред. Можно е само да не е стигнат Извештајот од Комисијата за економија, но Комисијата за економија не е матичка Комисија за тој закон. Така што, да не се злоупотребува Комисијата за економија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ванчо Коцев.

**Ванчо Коцев:** Комисијата за економија во четвртокот заседаваше, но немаше достапни податоци од Министерството за економија и побара Министерството што побрзо да ги достави податоците. До ден денеска ги немаме податоците и затоа госпоѓа Бонева побара точката на дневниот ред да се промени со тоа што во меѓувреме ќе добиеме информации и ќе се прифати и таа точка на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Минуваме на точка 1-Предлог за именување на членови на Советот на Македонската радио телевизија**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот Владо Поповски да биде именуван за член на Советот на Македонската радио телевизија.

Молам кој бара збор?

Предлагам 20 минути пауза, службите да го направат дневниот ред.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,02 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со седницата.

Продолжуваме со точката 1 - Предлог за именување на членови на Советот на Македонската радиотелевизија

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Владо Поповски да биде именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи имаме доволен број на присутни пратеници, ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето имаше 62 пратеници. Гласале 53, сите 53 пратеници гласале за.

Констатирам дека Владо Поповски е именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија.

Отворам претрес по предлогот Јовица Страшевски да биде именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јовица Страшевски да биде именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето во салата имаше 64 пратеници. Гласале 55, 53 пратеници гласале за, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Јовица Страшевски е именуван за член на Советот на Македонската радиотелевизија.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно-културните средби “Десет дена Крушевска република”**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на претседател и членови на Советот на научно-културните средби “Десет дена Крушевска република”.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата имаше 64 пратеници. Гласале 60 пратеници, 59 гласале за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија “Електрани на Македонија” во државна сопственост, Скопје кај “Кредитна банка за обнова” од Франкфурт на Мајна СР Германија, за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино, од фирмата “МАН Такраф Фердертехник” Гмбх од Лајпциг СР Германија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Министерот за финансии има збор, повелете

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе.

Собранието на Република Македонија, минатата година, на барање на АД “ЕЛЕМ” има донесено, по предлог на Министерството за финансии, Закон за задолжување на ова Акционерско друштво за производство на електрична енергија. Станува збор за заем за набавка на опрема за дневен коп за транспорт на јаловина, втора линија, за површинскиот коп на јаглен Брод Гнеотино. Оваа опрема АД “ЕЛЕМ” треба да ја набави од “МАН Такраф Фердертехник” Гмбх од Лајпциг СР Германија. До крајот на 2006 година не е заклучен договорот за заем од страна на АД “ЕЛЕМ” и испорачателот на опремата.

Овој заем е без гаранција од страна на државата на Република Македонија. Гаранциите се обезбедени од две комерцијални банки во Република Македонија.

Во меѓувреме се јавило потреба од измена на неколку од елементите на договорот за заем што влијаат на Законот за задолжување што е донесен од страна на македонскиот Парламент минатата година. Оттаму, овој предлог за измена на соодветниот закон. Имено, се зголемува вкупната сума на заемот за 300 илјади евра. Тоа произлегува од потребата да се зголеми износот на премијата за осигурување што треба да се исплати кон “Еумер Хермес”.

Второ, има промена во начинот на утврдување на каматната стапка што и овој пат, со Предлогот за измена на законот останува фиксна, но во договор со “КФЊ” банката што го обезбеди овој заем, таа треба да биде референтната комерцијална каматна стапка што ја објавува ОЕЦД.

Трето, од претходните две произлегува дека треба да се промени износот на висината на банкарската гаранција кон една од банките, односно кон Комерцијална банка. Тој износ ќе се зголеми за 438.270 евра. Вкупните фискални импликации со овие измени и дополнувања на законот се 300.000 евра. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски**: Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министре,

На почетокот сакам да искажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон. Меѓутоа, на кратко појаснувањата за што се работи и каков е овој закон.

Имено, најголема термоелектрана и најголема електрана за производство на електрична енергија во Македонија е РЕК Битола. РЕК Битола работи на јаглен и со јаглен се снабдува од површинскиот

коп во рамките на РЕК Битола, од Рудникот “Суводол”. Рудникот “Суводол” има руда само за уште 7 години, ако се продолжи со досегашното темпо на експлоатација.

Изминатите неколку години беа започнати активности за отворање на уште еден коп за производство на јаглен, на уште еден рудник, во непосредна близина на овој комплекс што се вика Брод Гнеотино.

Со отворањето на рудникот Брод Гнеотино, за што сега постои само готов проект и понатамошни активности, да спомнам дека една од понатамошните активности е и набавката на опрема од фирмата тогаш “МАН Такраф Фердертехник” , сега само “Такраф” за опрема за ископ и транспорт на јаглен. Со откривање на овој рудник, што ќе работи заедно со “Суводол” би имало руда за работа на  РЕК Битола барем за уште наредни 20 години.

Ова го кажувам за да нагласам, акцентирам колкава е потребата од оваа инвестиција што беше почната уште во текот на минатата година, колкава е потребата за работа и дополнително снабдување со енергетско гориво на РЕК Битола, проект што е од исклучително големо значење за Република Македонија.

Договорот што беше започнат уште во текот на минатата година, 2006 година, поради нормални активности, односно поради изработка на еколошка студија на барање на Банката, не беше постигнат во првата половина на 2006 година. Еколошката студија за подрачјето на Битола е изработена. Во текот на летните месеци Бордот на директори на Банката ја усвои студијата, потоа целиот елаборат беше усвоен и од Осигурителната компанија “Хермес”, така што во овој период е дојдено на ред донесувањето на измените на Законот што е точка на дневен ред, што е неопходно да биде усвоен на денешнава седница како би можеле да продолжат понатаму активностите.

Паралелно со ова сакав да искористам, да направам споредба на овие 16 милиони и 600 евра, со кои што ќе се задолжи “Електрани на Македонија” и 20-те милиони евра што беа дадени како подарок со Ребалансот на Буџетот за 2006 година на слична фирма, односно на МЕПСО. Ова е начин на кој стопанството треба да работи, со кредити, со задолжување и со враќање на кредитот. Гледаме дека има рок на враќање 10 години, односно 20 полумесечни годишни рати, камата и т.н. А, не е начинот да најбогатата фирма во Македонија, една од најбогатите фирми во Македонија АД МЕПСО да добие од џебот на граѓаните 20 милиони евра, како што направивме во текот  на октомври и ноември 2006 година.

Уште еднаш ќе нагласам дека пратеничката група на СДСМ, како и многу пати до сега и овој пат, се што е за доброто на македонскиот народ дава поддршка и ќе го поддржи овој предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот за финансии се јави за реплика.

Имате три минути, повелете.

**Трајко Славески:** Во интерес на вистината, само корекција на нешто што беше изнесено во претходната дискусија, што ја поздравувам, во знак на поддршка на Предлогот.

Но, капиталната инекција или помош за МЕПСО, за да се обезбеди струја во зимскиот период Република Македонија изнесуваше 13,5 милиони, а не 20 милиони евра. Тоа што е реализирано до крајот на годината, 2006 година.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Верица Филипова, повелете контра реплика.

**Верица Филипова:** Сакам  да ја искористам денешната можност да го запрашам министерот за финансии, тие 13,4 милиони евра, колку таму беа, веќе се наплатени со белешките за струја, односно се вратени во МЕПСО. Каде се сега тие пари?

**Љубиша Георгиевски:** За збор се господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас, сепак би му дал предност на министерот, ако сака да одговори на прашањето на госпоѓа Филипова. Но, добро, со оглед на тоа што не се јавува, сигурно одговорот ќе го добиеме подоцна.

Сосема кратко, само сакам да искажам дека пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го поддржи Предлогот за донесување на закон за задолжување на АД “Електрани на Македонија” со оглед на тоа што, кога минатата година го носевме овој закон, тоа беше прв закон со кој што наместо давање државни гаранции од страна на државата при задолжувањето на претпријатието што е во сопственост на државата, сега се јавуваат самите тие претпријатија како гарант, иако морам да напомнам дека тогашната опозиција и на Комисијата за финансирање и Буџет и овде во Собранието на Република Македонија го напаѓаше таквиот начин на задолжување, односно го поставуваше прашањето дека тогашната Влада не сака да го поддржи отворањето на копот рудникот Брод Гнеотино. А сега се гледа дека тогашната опозиција, односно сегашно владино мнозинство на истиот тој начин, само со мали измени го поддржува таквиот тогашен пристап, односно го поддржува тогашниот Закон  за задолжување на Претпријатието “Електрани на Македонија”.

Тоа што сега сакам да го истакнам, се покажа како мошне добро настојувањето на претходната Влада да се преземат сите активности и мерки за отворање на копот Брод Гнеотино. Но, само ќе ве потсетам, вие господине претседателе, сигурно се сеќавате на кампањата во предизборието кога особено во Битола прилично беше нападната тогашната Влада зошто го забрзува процесот за отворање на тамошниот коп.

Јас сметам дека не само овој закон, туку напротив и натаму треба Владата да продолжи со оспособување на претпријатијата кои што се во државна сопственост, да се овозможи тие самите да се задолжуваат, самите тие да програмираат и

да ги плаќаат своите долгови со тоа што на таков начин ќе се намалат обврските на Република Македонија.

Уште еднаш, како ЛДП го поддржуваме овој предлог на закон и се надевам дека ќе се забрзаат и самите процеси за што побрзо отпочнување со работа на рудникот Брид-Гнеотино.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ќе бидам кривично краток.

Прво, сакав да гоповторам тоа што имав намера да го зборувам, меѓутоа го кажа сега господинот Слободан Најдовски.

Имено, овој закон во февруари, од прилика 2006 година кога беше предложен од Владата јас бев во својство на предлагач тогашната опозиција ВМРО ДПМНЕ не го поддржа законот, меѓутоа животното тркало е чудно, договорот заради предвремените или пораните избори не се случи, ВМРО остро го критикуваше и сега предлага закон за да се склучи договорот. Меѓутоа, тоа не значи, дека нашиот,или мојот став е сменет.

Овој договор и овој закон се потребни помеѓу другото и заради тоа што, за прв пат во историјата што тогаш се случи, зборувам за 2006 година, феввруари месец Електростопанство на Македонија, или една од неговите наследнички, во случајот ЕЛЕМ се задолжи без државна гаранција во странство, што беше сериозен знак за финансиската состојба во Република Македонија и во Јавните претпријатија.

Меѓутоа, она за што се јавив, за што би побарал дополнително образложение од министерот, господинот Славески, доколку не беше лапсус, ова е закон за задолжување на ЕЛЕМ за кого гаранција издадоа две комерцијални банки од Република Македонија, нема суверена гаранција односно гаранција на Република Македонија, па според тоа, и не може да има фискални импликации законот од евентуално неисполнување на обврската на ЕЛЕМ кон набавувачот односно кон странката. Меѓутоа, внесе забуна и изјавата сега на седницата министерот кога рече дека овој закон има фискални импликации од 300 илјади евра, што според мое видување, на Законот не би можел да има фискални импликации заради тоа што го објаснив, и ако не е лапсуз, повторувам, барам објаснување од господинот министер за финансии дали беше лапсус за задолжување, или навистина има нешто што не можеме да го прочитаме а претставува фискална импликација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави министерот за финансии Трајко Славевски.

**Трајко Славевски:** Може да го толкува на еден или на друг начин тоа господинот Никола Поповски, станува збор за дополнително задолжување од 200 илјади евра од страна на АД ЕЛЕМ, кое што е во 100% државна сопственост.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Нема потреба од никакво инаетење. Сосема е јасно дека нема фискални импликации од одговорот на министерот и немаше потреба од тие зборови да се толкува вака или онака, што било јасно, како било јасно. Од одговорот барем мене ми стана јасно дека било лапсус и дека нема фискални импликации.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија “Електрани на Македонија”, во државна сопственост Скопје, кај “Кредитната банка за обнова” од Франкуфрт на Мајне, СР Германија за набавка на опрема за површинскиот коп на јаглედн Брод Неотино од фирмата “МАН Такраф Фердертехник” Гмбх од Лајпцинг СР Германија.

Ве повикувам да гласаме.

69 гласале. Сите 69 за.

Констатирам дека заклужокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 и сите 63 пратеници се за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, сите 70 за.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за изменување на Законот за задолжување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија “Електрани на Македонија”, во државна сопственост Скопје, кај “Кредитната банка за обнова” од Франкуфрт на Мајне, СР Германија за набавка на опрема за површинскиот коп на јагледн Брод Неотино од фирмата “МАН Такраф Фердертехник” Гмбх од Лајпцинг СР Германија.

Минуваме на точката 6. - **Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска за соработка и взаемна помош по царински прашања, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување н а Законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам пртресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска за соработка и взаемна помош по царински прашања, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, и сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, и сите 68 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска за соработка и взаемна помош по царински прашања, со Предлог на закон.

Минуваме на точката 7. - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Законот за животна средина е Рамковен закон кој ги регулира заедничките прашања уредени со секторските закони за одделни медиуми и областа на животната средина.

Една од главните причини поради која се пристапува кон измени и дополнувања на Законот за животна средина е потребата од усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоци. Имено, во делот на казнените одредби направени се значителни измени во однос на органот надлежен за постапување по прекршоците и изрекување на прекршочните санкции, видот на прекршоците, како и висината на истите.

Надлежноста за водење на прекршочна постапка, како и за изрекување на прекршочните сандкии е поделна меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и надлежниот суд.

Во рамките на Министерството се формира прекршочна комисија надлежна за водење на започнатата постапка.

Согласно видот и тежината на прекршоците и истите се поделени на прекршоци од прва и втора категорија, за кои постапката ја спроведува и изрекува прекршочни санкции Министерството и третата категорија за кои прекршочната постапка ја спроведува и прекршочни санкции изрекува судот.

Измените во целост го поддржуваат процесот на реформите на судскиот систем каде само една третина од прекршоците се во надлежност на судовите, додека останатите две третини ги води прекршочната комисија на Министерството.

Министерството ќе биде надлежно за прекршоци кои се однесуваат претежно на недостатоци од административна природа, како и на обезбедување на дозвола, недоставување или ненавремено доставување на информации, неправилно одбележување на производи и слично.

Судот ќе биде надлежен за оние прекршоци од кои произлегува загадувањето на животната средина.

Исто така, Законот за животна средина е прв закон со кој се воведуваат постапки за порамнување, посредување и медијација.

Целта на истите е избегнување на водење на прекршочна постапка и постигнување на спогодба со сторителот за отстранување на последиците од прекршокот.

Новина е, со измените на Законот што се воведува општо корисна работа која треба да ја извршат сторителите на прекршокот.

Општо корисната работа ќе биде остварена преку вршење на оделени дејности, како на пример засадување на дрва, расчистување на заштитени подрачја, давање придонес за научни установи во областа на животната средина или за установи кои остваруваат социјална заштита.

Висината на глобите се значително зголемени од причини што едно од основните начела на животната средина е начелото на превенција односно преземање на мерки и активности за заштита на животната средина пред да дојде до штетни последици.

Висината на глобите се движи од 3000 евра за прекршок од прва категорија; 6000 евра за прекршоци од втора категорија; а за трета категорија оваа висина се движи од 8000 до 20.000 евра.

Доколку со порекршокот се предизвика поголема штета врз животната средина и здравје на луѓето во тој случај се изрекува санкција сразмерна на висината на штетата, но најмногу на седмократен износ од пропишаната глоба.

Исто така, доколку се работи за прекршок сторен од страна на организирана група на лица составена од најмалку три лица со цел да прибават имотна корист висината на казната се движи од 15 до 25 илјади евра.

Ова се воведува со цел да се спречи организираниот еколошки криминал.

Значајна новина со законот е воведување на прекршочни санкции за службените и одговорните лица во органите на државната управа.

Доколку во вршење на своите должности не ги преземале навремено и ефикасно сите мерки и постапки за спроведување на законот за кои е предвидено глоба од 600 евра. Ова е прв пат во еден закон ова да се промовира и да се примени. Очекуваме дека ќе даде соодветни резултати.

Се извршија измени во делот на инспекцискиот надзор што се спроведува од страна на државниот инспекторат за животна средина и локалните инспектори за животна средина.

Се зајакна улогата на инспекторите, како и се допрецизира начинот на постапување во инспекцискиот надзор.

Други измени се во насока на подобрување на правните основи при донесување на подзаконските акти, како и доусогласување со правото на Европската Унија што како обврска произлегува од промената на одделни диркитиви.

Во оваа смисла измените се однесуваат на зголемување на учеството на јавноста во донесување одлуки, воведување на постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативниот план, како и за уредување на постапката за оцена на влијание врз животната средина.

Особено сакам да потенцирам дека со измените се дава основа за подобрување на механизмот за чист развој што произлегува од протоколот за Кјото и Рамковната конвенција на ООН за климатски промени.

Со овој член се дава можност за инвестирање на странски компании во Република Македонија заради обезбедување на потврди за намалување на емисиите кои влијаат врз климатските промени.

Во однос на надоместоците извршено е изедначување на надоместоците за користење на платнени кеси за пакување на производи во пластична амбалажа кој изнесува 080 денари, за еден килограм пластични кеси и надоместок од 0,050 денари од едно шише кое содржи 1,5 кгр течност.

Врз основа на горенаведеното сметам дека ќе дадете целосна поддршка за донесување на измените и надополнувањата на Законот за животна средина. Благодарам.

(Со седницата продолжи да пртседава потпретседателот Иван Анастасовски)

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господинот Тале Герамитчиевски.

**Тале Герамитчиески:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Ќе се обидам во катки црти да отворам некои прашања, некои дилеми кои што при првото читање на текстот на Предлогот на законот предизвикуваат одредени отворени прашања.

Имено, јасно ми е дека одредбите кои се содржина на измените и дополнувањата на Законот се со цел да се усогласат со правото на Европска унија со оние дирктиви и одредби кои што се детерминирани односно назначени во причините поради кои што се предлага донесување на законот.

Но, чисто сметам дека при техничкото обликување на текстот со интервенција во пооделни членови на Законот се направил можеби несреќен превод на одредени одредби кои што станале составен дел на интервенција во Законот. Конкретно би сакал мало појаснување односно отворање на дилема во членот 20, со кој што членот 68 се менува и гласи: “Листа на експерти за стратегиска оценка на животната средина”, и пишува “Водење на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина востановува и води листа на експерти за стратегиска оценка на животната средина.

Второ, експерт за стратегиска оценка на животната средина може да биде физичко лице кое има високо образование и пет години работно искуство од областа на животната средина.

Три физичкото лице од став 1, од овој член се стекнува со статус на експерт за стратегиско оценување на животната средина доколку поседува потврда за положен стручен испит, за стекнување на професионално знаење за стратегиска оценка за животна средина и е фклучено во листата на експерти од став 1 на овој член”, што е контрадикторно едно со друго. Значи, требало да се води на листата, а сега влегува во одредени одредби во кои што треба да стекне статус. Но, не е тоа главната забелешка.

“Четврто стручниот испит од став 3 на овој член се полага според програма пред Комисија за полагање на испит за стратегиска оценка на животната средина формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната середина.

Комисијата е составена од најмалку три члена итн.”.

Прво, експерт не се станува со полагање на стручен испит пред било каква комисија. Мислам дека несреќно се поигрувате со терминот експерт. Експерт е лице кое што стекнало таков статус со потврдување на исклучителни резултати во таа област преку публикување на одредени трудови, пуликации во странство, на конгреси, симпозиуми, потврдени односно докажани експертизи, елаборации, во разни институционални форми. Можеби ако се сакало да се направи интервенција во поглед на лицата кои што ќе ја вршат оваа

дејност би требало да се формулира листа на лица кои ќе добијат сертификат за вршење на работите од оваа област, никако кесперти, па во било каков состав да е Комисијата.

Замислете што станува со оние луѓе кои имаа завиден научен опус, научно истражувачки работници кои работеле во таа област како магистри, доктори на науки, тие треба да полагаат стручен испит пред комисија составена од министерот за да добијат звање експерт? Мислам дека е потполно нелогична оваа формулација. Или да се направи дистинкција или да се воведе двостепеност за лица кои имаат стекнато научно звање доктор од областа на таа проблематика или магистратура, тогаш да не мора да полагаат ваков испит, бидејќи тие можеби се прогласени за меѓународни експерти, а во домашен амбиент заради неисполнување на вакви одредби од законот, доколку остане на сила ваквата формулација, ваквата одредба, нема да можат да вршат експертиза, пишување на елаборати, експертизи, оценки итн.

Слично нешто е и во членот 26 каде членот 85 се менува и гласи: листа на експерти за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Значи, истата формулација, истата проблематика, истото прашање, што е со експертите кои на вистински начин онака како што Меѓународната заедница, меѓународната научна јавност ги признава овие титули кои се стекнале, дали ќе мора исто да полагаат стручен испит пред комисија составена од страна на министерот надлежен за оваа проблематика. Мислам дека треба да се изнајде поинаков механизам за преформулирање на намерата, интервенцијата е од слична содржина.

Втор тип на интервенција член 29. Членот 93 се менува и гласи: оценка на прекугранично влијание на животната средина на проектот кој се изведува на територијата на Република Македонија. Таму има неколку одредби во кои од став 3: доколку засегнатата држава одговори дека нема да учествува во постапка за оценка на влијанието на животната средина или не одговори на известувањето во даден временски рок, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја спроведува постапката за оценка на влијанието врз животната средина, согласно овој закон. Да ги поедноставиме работите.

Значи, имаме еколошки проект кој се однесува за еколошкиот амбиент на Дојранско Езеро, на пример. Сега, согласно овие одредби од овој закон Република Македонија односно Министерството за животна средина и просторно планирање треба да го извести соседот Република Грција дека се спроведува проект за заштита на одредена врста на животни или птици, ретки врсти кои би биле предмет на заштита, зачувување на еколошкиот амбиент во Дојранското Езеро.

Ако Република Грција не одговори или се оглуши на такво нешто, внимавајте, ако со неправилно менаџирање или изведување на проектот се предизвикаат одредени штети по однос на еколошкиот амбиент во Дојранското Езеро, прашање е кој е механизмот за меѓународна арбитража по однос на последиците од неправилно спроведување на проектот, дали тоа е предмет на прецизирање во одредбите на овој закон или се подразбира меѓународно право врз кое ќе се поведе судска процедура пред меѓународни правни инстанци.

Уште покомплицирана е ситуацијата во наредната одредба, член 31, каде член 94 се менува и гласи: оценка на прекугранично влијание на животната средина на проектот кој се изведува на територијата на друга држава, истата претпоставена ситуација само што проектот го добила Република Грција и сега на територијата на Република Грција во делот на Дојранското Езеро се спроведува проектот и се предизвикуваат непроценливи штети по однос на еколошкиот амбиент на Дојранското Езеро и се поставува прашањето при алармирањето кое е предмет на проценка во членовите од одредбите на овој закон, значи постои такво нешто, кој ќе изврши меѓународно арбитрирање по однос на овој дел?

Не знам дали сум јасен, прашањето е, дали тоа ќе биде со спроведување на соодветна постапка пред меѓународни судски инстанци со вклучување на Министерството за надворешни работи, Министерството за правда итн. или со преземање на одредбите од европската легислатива се вклучува соодветен механизам за прекинување на проектот доколку во една фаза се утврди дека предизвикува несогледливи последици по еколошкиот амбиент кој е предмет на тој проект. Мислам дека сум јасен во тој поглед.

Трета интервенција во делот на Инспекторатот. Член 70 од Предлог измените со кои членот 196 се менува и гласи: Државниот инспекторат за животна средина, инспектори за заштита на природата и овластени инспектори за животна средина, кои услови треба да ги исполнат за да го стекнат овој статус - државен инспектор за животна средина и овластен инспектор за животна средина.

Значи, тука има одредби во кои едно лице може да ги врши работите на државен инспектор за животна средина и државен инспектор за заштита на природата доколку ги исполнува условите пропишани за државен инспектор за животна средина утврдени со овој закон и уште да има стаж од една година, ми се чини, да има висок степен на образование од повеќе области, но главното прашање е следното: ако во првата интервенција за листа на експерти сте дефинирале потреба од посебна комисија која ќе ги утврдува компетенциите и знаењата на лица кои претходно можеби се докажале со својот професионален беграунд во оваа област, а за државен инспектор за животна средина и овластен инспектор за животна средина во наредните членови им давате многу широка лепеза на овластувања и одговорности, права и одговорности, прашањето е зошто министерот нема посебна комисија која ќе ги утврдува посебните знаења, компетенции на лицата кандидати барем за државни инспектори.

Еве, за овластен инспектор нека има верификувано знаење кое се полага како стручен испит пред Агенцијата за државни службеници, бидејќи тие стекнуваат статус на државен службеник со одредени постапки.

Но, имајќи во предвид дека се зајакнуваат ингеренциите и правото да изрекуваат мандатни казни по одредени прашања, мислам дека треба да се воведе посебен маханизам со кој комисија која ќе биде составена од страна на министерот за животна средина ќе ги утврдува потребните компетенции, знаења и вештини за стекнување на дополнително знање државен инспектор за животна средина, барем тоа повисоко звање, бидејќи има надлежности на територијата на цела Република Македонија.

Ете, во кратки црти беа моите дилеми кои се надевам дека овластениот претставник на Владата ќе се обиде да ги коментира. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор заменик министерот за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Да не останат донеискажани некои работи, ова можело во форма на амандман да го доставите, бидејќи е разгледување каде законот се подобрува и амандмански. Такви амандмани не добивме, меѓутоа, за првото прашање околу експертите.

Моменталното решение со Законот за животна средина не гарантира квалитетен избор на експерти за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина. Токму поради тоа во членот 68 се предвидува да се полага односно да се воведува стручен испит и формирање на комисија да се овозможи вклучување на компетентни и стручни кадри. Ние се соочуваме со таков проблем како Министерство, имавме и јавен проглас преку медиумите за пријава на експерти по одредени области и верувајте токму поради тоа се овие измени и новини, луѓето кои се од научната сфера на која и јас и вие припаѓаме и нека се меѓународни експерти не е никаков проблем пред таа комисија со своети СИВИ да бидат тие. Тоа лесно би можеле да го минат за да добијат овластување за експерт во полето на животната средина.

Мислам дека нема да се соочат со некој проблем, станува збор за експерти кои не се само од научната сфера, меѓутоа, можат како такви да бидат вклучени врз подобрување на одредени состојби во животната средина и давање на свој удел во таа работа.

Она што го прашувавте за прекуграничното загадување и влијанија на одредни проекти. Тоа се строго дефинирани проекти и за тоа постои ЕСПО Конвенција која ги регулира тие прашања и врз основа на европските директиви не можеме да отстапуваме, затоа рековме дека законот се усогласува со одредени директиви.

По прашањето на инспекторите дали не треба да се формира комисија во рамки на Министерството да ги процени нивните знаења, верувајте за тоа постои Закон за државни службеници, тие се вработуваат во Министерството, тие не се екперти и тие полагаат пред комисија во Агенцијата за државни службеници која како таква се формира и тоа подлежи на Законот за државни службеници. Ние не можеме со некои новини во овој закон да одиме спротивно со Законот за државни службеници. Тоа се објаснувањата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

По се изгледа не се разбравме. Јас ќе ви кажам пример на академик од техничките науки кој работел 30 години во Винча и навистина е гордост што го имаме во Република Македонија кој е еден меѓународен експерт кој го користи и УНЕСКО и Советот на Европа за определување на фактички состојби на емисија и мисија на издувни гасови на пошироки региони и очекувате дека тој академик ќе дојде пред комисијата да ви полага стручен испит? Да, универзитетските професори се суетни, но има некоја граница што се преминува добриот вкус. Пред која комисија ќе полага тој кога е меѓународно признат експерт. Мислам дека Република Македонија губи со тоа, бидејќи тие луѓе ќе се пасивизираат во активностите и нема да добиете квалитетна услуга во тој дел.

Второ, околу меѓународните проекти. Не се разбравме. Јас знам дека се дел од европската легислатива. Моето прашање беше при имплементација на проектот што ако нешто тргне од наопаку, ако се предизвикаат трајни последици при еколошкиот амбиент при реализација на проектот дали во тој момент која од тие држави ќе сигнализира, ќе стопира и ако другата страна се оглуши дали може да се алармира Меѓународната заедница преку суд итн.

Третото околу инспекторите. Сега, за експертите, за докажани експерти воведувате комисија, а за државните инспектори кои имаат навистина многу широки овластувања и можат на современ карактер или со траен карактер да ги одземат овластувањата на некоја институција заради нарушување на законските прописи од заштита на животната средина да не полагаат посебен испит. Не мора да биде испит, наречете го тоа проширување на знаењата, компетенциите, усовршувањето, она што сме го вовеле и кај другите инспекторати кои со помош на меѓународните институции кои дале средства за зголемување на нивните компетенции сме ја спровеле таа обука.

Ако може да има Академија за судии зошто да нема академија за државни инспектори за животна средина или другите кои имаат широки овластувања.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас би сакала повеќе како укажување во делот на реплика, со оглед на тоа што госпоѓата Лепиткова спомна дека е ова еден од системските закони.

Јас се согласувам дека законот е исклучително важен, меѓутоа, јас би сакала да укажам, кога станува збор за вакви важни закони особено системски и толку обемни, овој закон има околу 220 члена, тогаш не би можела да се согласам да бидат предложени да одат по скратена постапка под изговор дека не се работи за сложен или обемен закон. Во ситуација кога имаме закон од преку 200 члена сигурно не би можеле да прифатиме дека не се работи за сложен или обемен закон затоа што прво фактички не е точно, второ, суштински не е точно и ваквите дилеми кои ги има господинот Герамитчиоски можеше многу поцелисходно да бидат дебатирани во прва фаза и потоа да бидат земени во предвид во втора фаза затоа што јас не сум убедена дека ваквите дилеми можат и амандмански да се усогласат и интервенираат затоа што зафаќаат во еден дел дилеми за политики.

Сакам само да укажам да се има во предвид и покрај тоа што се работи во еден дел за усогласување со правото на Европската унија сепак би било пожелно ваквите закони друг пат да ги гледаме во две фази. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со реплики по однос на говорот на господинот Герамитчиоски.

Три минути реплика за пратеникот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакал само да дадам едно мало дообјаснување. Во излагањето на колегата Тале Герамитчиоски се спомна проектот за спас на Дојранското Езеро и беше истакнато доколку тргне во некоја лоша насока или доколку има одредени последици по животната средина односно по Езерото и околината.

Значи, самиот проект е во функција на спасување на Дојранското Езеро. Она што го имаме station наназад овие 4-5 години и резултатот од функционирањето на хидросистемот “За спас на Дојранското Езеро” за доведување на дополнителни количества на вода во Езерото е во насока токму на квалитатитвно подобрување на состојбата со Езерото односно негово повторно враќање во живот.

За информација, водите кои се носат во Дојранското Езеро ги имаат испитано најголемите експерти од оваа сфера и компатибилноста на водите од изворите кај Ѓавато со водата на Дојранското Езеро е целосна, што значи не се создава само еден голем базен полн со вода, туку се зачувуваат сите оние карактеристики кои секогаш ги имало во Дојранското Езеро. Меѓутоа, ние можеме да говориме за односот на Република Грција во однос на животната средина со своите соседи вклучувајќи ја и Република Македонија. Затоа тука постојат голем дел од меѓународни конвенции и многу е важно како Република Македонија ќе се однесува во односот кон Република Грција и кон сите други соседи доколу се јави одредено загадување или нарушување на животната средина.

Јас ќе истакнам само еден елемент, а тоа е реката Вардар и мониторингот на реката Вардар. Познато е дека постои автоматски мониторинг на реката Вардар, финансиран од Европската унија преку Гроздбордер кооперишн програмат и такви мониторинг станици кои постојат на реката Вардар се во Република Македонија, меѓутоа, постоја ти во Република Грција, кои во исто време го мерат квалитетот на водата, односно утврдувањето на каква категорија и припаѓа водата, колку е загадена, до кој степен е загадена и од што е загадена.

Значи, во изминатиот период од оние информации кои јас ги имам, Република Македонија, преку Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи на многу наврати има реагирано и до Меѓународната заедница и директно до Република Грција и до сите оние одговорни за имплементација на меѓународните конвенции.

Јас сум длабоко убеден дека проектот за спас на Дојранско Езеро, не само што е од големо задоволство за граѓаните во Република Македонија, но истото тоа го уживаат и граѓаните кои живеат околу Дојранското Езеро од Грчка страна и дека од истата страна имаме повторно иницијатива за дополнителни активнсоти и за зачувување на овој бисер кој припаѓа и на Македонија и на Грција.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика, пратеник Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас колега Дојранското Езеро го земав само како пример, не мора да е нешто тргнато на лошо во реализација на тој проект. Го зедов како еден пример кој што во моментот ми падна на ум, како пример во кој што можат работите да тргнат поинаку, од онакако како што се проектирани во проектот и можат да бидат пример за меѓународна арбитража.

Еве ви друг пример. Зошто при загадување на реката Вардар, како што вие рековте не е изградена прочистителна станица во Гевгелија и зошто не е извршен соодветен мониторинг во тој дел, кој што би бил целокупен амбиент и предмет на меѓународна арбитража, заради причините зошто така не се пристапува. Значи, примерите се без број. Јас зборував за механизмот на меѓуннароден мониторинг и арбитража. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник Ружа Ѓоргоска, повелете.

**Ружа Ѓоргоска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер,

Јас се одлучив да дадам свое мислење по Предлог законот за животна средина од повеќе причини.

Најпрво, сметам дека е битен за заштита на животната средина, со самото тоа и на здравјето

на граѓаните на Република Македонија, а воедно, претставува усогласување со законските одредби на Европската унија за заштита на животната средина.

Второ, што како граѓанин најдиректно сум ги почувствувала последиците од еколошкото загадување во градот од кој доаѓам, каде што има големи еколошки пробелми, штоне значи дека ги нема и во другите градови низ Републиката. Сето тоа, не ме остава рамнодушна да гледам како се уништува природата, реките, почвата, воздухот. Господ ни дал во изобилство прекрасна природа, можеби ова ќе прозвучи прозаично, но за жал, е вистинито, колку реки се полни со отпад, улици со мали депонии и многу грди нешта што секојдневно ги гледаме, коментираме, ама сепак ништо не преземаме да го решиме тоа.

Затоа, сметам дека овој закон во кој се дефинирани областите на животната средина, заштитата и унапредувањето на животната средина, загадувањето на животната средина, материи, супстанци, загадувачи и да не ги набројувам сите, кои се дадени во законот од областа на влијанието врз животната средина.

Јас повеќе ќе се задржам на казнените и заштитни елементи. Во законот, добро е опфатен делокругот за надзор на државниот инспектор со сите задолженија и констатирања на недостатоци од областа на животната средина. Воедно се дадени и сите задолжувања на работата на прекршочната комисија на Државната управа на работите од областа на животната средина кои се однесуваат на изречување на глоба на правни и физички лица, за кои што впрочем, говореше и заменик министерот и кои нема да го почитуваат овој закон, што е многу јасно и добро прецизирано и напишано, нема да го коментирам. Но, би се задржала на тоа дека покрај сите законски мерки што ќе се спроведуваат за правни и физички лица наброени во законот, но би се задржала на обичниот граѓанин кој секојдневно свесно и несвесно со своето однесување придонесоа за грдите слики на негрижа на поединецот кон сопственото опкружување и еколошко загадување.

Крајно време е, сметам дека македонскиот граѓанин треба да промени нешто во својата свест, дека не е битен само неговиот дом или двор и да почне да размислува за целото опкружување во државата како нешто лично и така да се однесува. Заштитувајќи ја животната средина, а со самото тоа и себе си како нејзин дел, па дури и на глобално ниво за земјата планета.

Затоа сметам дека е многу битно да се развие еколошка свест, особено кај децата уште од најрана возраст. Не би рекла дека нема еколошки секции во училиштата. Напротив, има. Има и граѓански здруженија од областа на екологијата. Но тоа, претежно се сведува на денот на екологијата или некоја акција, а потоа се си продолжува понатаму со старите грди навики. Свеста се гради со секојдневна едукација и кампањи, а тоа гледам дека почнува да се спроведува, ама сепак на крајот ќе се сведе дека со законските норми и со глобите би потенцирала за секој поединец, кој на каков и да било начин ја загадува животната средина да биде казнет со глоба и дека само тоа може да донесе ефект, а особено, би истакнала дека мора да има еколошка полиција што ќе ги санкционира сите неодговорни граѓани.

Воедно се надевам дека со проекти и програми и локалните самоуправи ќе изнајдат начин да ги решат многуте проблеми од загадувањето на животната средина, зашто првичниот впечаток на секој кој доаѓа надвор од нашата земја е дек аима многу отпад насекаде и дека не ни функционираат законите. Зашто првиот впечаток, тешко можеме да го избришеме. Затоа семтам дека покрја градењето на еколошката свест кај нашите граѓани, мора да се преземат и мерки на глоба за секој поединец граѓанин кој се однесува несовесно и придонесува за загадување на животната средина. Се надевам дека ќе се изнајде најдобар начин за секој кој ја почитува животната средина да може истото да го спроведува со помош на државата и задолжени институции со соодветни помагала и технологија.

Во законот е доста наброено во однос на тоа како би се решило тоа со глобата, меѓутоа, затоа јас се задржав најмногу за граѓанинот поединец. Предлог законот е многу јасен и добро образложен и останува само да се имплементира. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам потпретседателе,

Јас ссе согласувам со дискусијата на пратеничката која до сега дискутираше, односно го читаше нејзиниот говор, меѓутоа, можам да го окарактеризирам само како политичка демагогија. Зошто? Едно е да се зборува овде, друго е да се имплементира тоа што се зборува. Сетете се на амандманите за Буџетот за 2007 година. Колку ли само амандмани имавме од оваа област, од екологијата, од заштита на животната средина, од нив, ниту еден не беше прифатен и за ниту еден досегашната пратеничка која дискутираше, не гласаше позитивно.

Да потсетам. Јас конкретно имав амандман за заштита на водите на Брегалничкиот слив, односно изработка на студија. Изработка само на студија во почетна фаза, а понатаму имплементацијата и изградбата на прочистителните станици од таа студија следува наредните години. Дали досегашната дискутантка гласаше позитивно за тој амандман? Не, гласаше негативно. А знаете дека едно од еколошки загадените подрачја со активирање на рудниците, на Рудникот во Пробиштип, Рудникот Саса -Македонска Каменица, претставува Брегалничкиот слив, односно тоа подрачје.

Поради тоа, ве замолувам и се обраќам на сите пратеници да не читате напишани говори во кој ќе кажете дека се залагате за еколошка заштита во Република Македонија, се залагате за имплементација на екологијата во образованието,

а дефакто, кога ќе додје и кога ќе треба да се одвојат средства за таа намена, да гласате против, да издвојувате средства за музеи на жртви на ова или она, за театри и т.н. И за тоа се потребни средства, меѓутоа, ако веќе се залагаме за здрава средина и за екологија, гласајте барем позитивно, или издвојте средства за такво нешто. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика, пратеник Ружа Ѓорѓеска, повелете.

**Ружа Ѓорѓеска:** Мене ми е многу жал што почитуваната колешка не го разбра тоа што јас навистина дел го прочитав. Меѓутоа, мојата дискусија беше насочена кон сосема друга цел, а не беше за разговор околу амандманите, туку беше насочена кон градење на еколошката свест кон граѓанин поединец. А она што се однесува за амандманите и околу законот, таа што го спомна за спроведувањето во однос на Буџетот, зафаќање на нови средства, ќе се прави со одредени донации. Јас сметам дека Министерството за животна средина, секако ќе најде начин тоа да го спроведе. Но многу ми е жал, што погрешно ја свати мојата дискусија.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека овој закон за измени и дополнувања на Законот за животна средина, кој ни е даден денеска на дневен ред, можам да кажам дека треба да го поздравиме од страна на изготвувачот на Министерството за животна средина, меѓутоа, имам и некои забелешки, кои што сметам дека ќе придонесат барем во наредните фази, односно во наредниот период, кога ќе имаме нови усогласувања на законот за животна средина.

Знаеме дека Законот за животна средина е донесен во мај месец 2005 година и тој претставуваше еден од првите закони што беа усогласени со законите на европската легислатива. Убаво е тоа што Министерството за животна средина го следи трендот на директиви кои што доаѓаат од страна на Европската унија и тие директиви се усогласени во новиот закон за животна средина, односно во изменит еи дополнувањата на Законот за животна средина. Камо среќа и другите министерства да го следат трендот и работата на Министерството за животна средина, се со цел да дојдеме поблиску до вратите на Европската унија.

Знаеме дека  овие измени и дополнувања се однесуваат на неколку работи, пред се, на работата на Државниот инспекторат за животна средина и на овластените инспектори. Знаеме дека Државниот инспекторат за животна средина во март месец 2006 година беше примен во мрежата Импл, односно мрежа во која што влегуваат сите инспекторати на земјите членки на Европската унија. Тоа е еден напредок во Министерството за животна средина и тој напредок треба да се следи и во иднина, односно треба да се следи и во наредниот период.

Што се однесува до измените и дополнувањата и околу влегувањето на инспекторатот во Импл мрежата во тоа време, се заседе еден став во кој што беше и реалност и објективност секоја општина да има овластен инспектор за животна средина. Меѓутоа, семтам дека овие одредби единиците на локална самоуправа не ги исполнија во целсот. Некои општини се навистина за поздравување, имаат такви инспектори, можеби и не по еден, туку по повеќе, меѓутоа, има и општини што воопшто животна средина ја немаат ставено на дневен ред. Тука во членот 208 имаме една одредба во која што вели: “со цел преземање мерки, до колку пријавата стигне до Инспекторатот за животна средина, тие ја враќаат повторно до овластениот инспектор на локална самоуправа, односно до градоначалникот. До колку не преземат мерки локалните инспектори, тогаш во рок од 30 дена презема мерка Државниот инспекторат за животна средина, а трошоците за инспекцискиот надзор одат на сметка на општината во која што е интервенирано”.

Сметам дека до ова не треба да дојде, од аспект што ние претходно треба, односно вие како Министерство, па и ние како пратеници да се заложиме секоја општина да си има свој овластен инспектор за животна средина, со цел, надлежностите кои што спаѓаат под ингеренции на локалната самоуправа тие да си ги решаваат во сопствениот двор, а не да интервенира Државниот инспекторат.  Ако сега ние имаме 34 поголеми општини, односно општински центри во Република Македонија, замислете што ќе се случи ако 10 до 15 не реагираат. Дали државнит еинспектори за животна средина ќе бидат растрчани низ Република Македонија, со цел, да ги решаваат пробелмите на локално ниво, а за тоа ќе испраќаат фактури до градоначалниците на општините и тие пари никогаш нема да бидат наплатени. Меѓутоа, сметам дека за ова ќе се земат предвид заложбите на Министерството, дека ќе интервенираат до градоначалниците кои што немаат избрано овластени инспектори за животна средина, со цел да се решат проблемите прво на локално ниво, а потоа и на државно ниво.

Што се однесува до членот 209 обврска на државниот инспектор и овластените инспектори. Државниот инспектор и овластените инспектори се должни да ги чуваат во службена тајна податоците до кои ќе дојде при вршење на надзорот, или што ќе му ги доставаат правните или физички лица во согласност со овој закон. Јас исто така и на Комисиајта за животна средина интервенирав дека не се соодветни зборовите: “службена тајна, со една цел. Бидејќи Република Македонија е потписник Арковската Конвенција. Сметам дека податоците до кои ќе дојде инспекторот не треба да претставува службена тајна, туку тие треба транспарентно да се дадат на увид на граѓаните на Република Македонија.

Ќе ви кажам само еден пример, како директор на Инспекторатот за животна средина. Со

истекнувањето на сунфорната киселина во Велес, во Топилницата во Велес, дали тоа беше тајна, службена тајна, бидејќи се работеше за резерват од 3 илајди тони сулфурна киселина. Мислам дека тука и со индустриска сопственост се загарантирани тајноста на инсталациите, меѓутоа сметам дека до податоците до кои што ќе додје инспекторот, треба да бидат транспарентни.

Јас би се осфрнал на уште еден дел од овој закон, кој што мислам дека со оваа дискусија ќе придонесам за подобро имплементирање на законот и до подобра работа на Државниот инспекторат за животна средина.

Во членот 212-а предвиден е прекршочен орган. Во точка 4 се вели дека Прекршочната комисија е составена од три члена, од кои двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и еден член со висока стручна подготовка во областа во природните науки со пет години работно искуство во својата област. Сметам дека овој прекршочен орган пред се се однесува за луѓето кои го имаат прекршено Законот за животна средина и сметам дека овој прекршочен орган треба да биде составен во поинаков состав. Имено, треба да имаме еден правник со положен правосуден испит и двајца луѓе да има од природните науки со петгодишно работно искуство. Зошто ова го предлагам? Ќе видите дека одлуките во натамошниот дел на прекршочниот орган се донесуваат со гласање. Како може правникот, кој што не е дефиниран во оние струки кои можат да бидат инспектори за животна средина да одлучуваат дали е сторен прекршок и колкава е тежината на прекршокот. Сметам дека тоа треба да биде исправено, можеби е пропуст што Законот е донесен под инта постапка, односно треба да го донесеме под итна постапка, меѓутоа сметам дека оваа комисија може да се смени и сметам дека ќе биде во корист на луѓето кои се грижат за животната средина, а не во корист на луѓето кои се огрешиле спрема Законот за животна средина.

Исто така, во членот 212-б-Работа на Прекршочната комисија, би ја прочитал точката 1 во која се вели: “Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци од одделни области”. Сметам дека треба да биде дефинирано колкав е бројот на комисиите, дали по секој предмет може да се формира нова комисија и таа комисија да решава само за еден предмет. Сметам дека треба да имаме комисија за заштита на животната средина и комисија за заштита на природата. Тоа се две комисии кои ќе бидат ефикасни и рационални.

На крајот, сакам да кажам уште една работа, која мислам дека се коси со судството во Република Македонија, бидејќи ние се залагаме за независно судство. Меѓутоа, во овие измени и дополнувања никаде не се сретнува независен прекршочен орган, туку се среќава дека министерот ја избира прекршочната комисија. Дали на ваков начин со овластување на министерот да се формира една прекршочна комисија нема да дојдеме до една политизација на комисијата и со одолговлекување на постапките за решавање на овие сторители на прекршочни појави кои ќе бидат санкционирани од страна на Државниот инспекторат и од страна на овластените инспектори за животна средина.

На крајот сакам да истакнам дека овие измени и дополнувања на Законот за животна средина пратеничката група на СДСМ ќе ги поддржи, се со една единствена цел, приближување на животната средина до европската легислатива и давање еден стимул до другите министерства да го следат примерот на Министерството за животна средина и просторно планирање се со цел да дојдеме поблиску до вратите на Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор заменик мнистерот за животна средина, повелете.

**Соња Лепиткова:** Ви благодарам потпретседателе.

Дискусијата на господинот Серафимов навистина беше во насока на пофалба на изготвување на закон за животна средина и јас му благодарам. Ја следев внимателно неговата дискусија и тоа што го кажа во врска со законот и примената на директивите, усогласувањата со одредени конвенции и тн. е во ред, само да кажам едно дополнување. Имено, она што беше околу последните сугестии за прекршоците и формирање на тие комисии, со овој закон за прв пат ги усогласуваме одредбите од Законот за прекршоци и јас навистина сум среќна што Министерството за животна средина и просторно планирање тоа го прави, а по тој пат понатаму ќе следат измените во другите министерства за усогласување со тие одредби на тој закон. Сето тоа е во функција на примена на Законот за прекршоци и растоварување на судовите од одредени административни процедури, кои на некој начин можат да се регулираат во рамките на Министерството. Она што го рековте во врска со тоа дали тие комисии ќе се однесуваат само за одредени предмети, во законот јасно стои дека ќе бидат по области. Значи ќе бидат во сферата на животната средина, на природа, ако се чувствува потреба отпад и воздух и тн. Значи тоа се однесува за области за кои тие комисии како такви ќе бидат формирани.

Уште еданш ви благодарам за конструктивната дискусија и верувам дека со имплементација на овој закон тоа ќе биде во функција на подобрување на состојбите во животната средина.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Катерина Димеска.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денес на дневен ред е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина, чие донесување е со цел за усогласување со правото на Европската унија, а исто така и потребата за усогласување на казнените одредби од новиот Закон за прекршоци. Јас не би навлегувала во анализа на членовите и вака предложените измени на текстот на Законот, кој рековме дека е донесен во 2005 година, меѓутоа, сакам да кажам само две битни работи кои според мое мислење би требало да се потенцираат овде.

Имено, ова е прв закон со кој се воведуваат постапките за порамнување, посредување и медијација. Целта на истите е избегнување на водење прекршочна постапка и постигнување на спогодба со сторителите за отстранување на последиците од прекршокот кој го направиле. Во предложените измени на Законот новина е тоа што со измените на Законот се воведува општокорисната работа, која беше потенцирана овде од заменик министерот, која треба да ја извршат сторителите на прекршокот. Ова почитувани колеги пратеници, според моите размислувања, многу позитивно ќе влијае и во средината каде што ќе се применува, затоа што оваа општо корисна работа ќе се оствари преку вршење на одредени дејности, како на пример: засадување на дрва, расчистување на заштитени подрачја, давање придонес за научни установи од областа на заштита на животната средина или за установи кои остваруваат социјална заштита. Додека пак за прекршителите од третата категорија, предвидено е водење постапка за медијација.

Би сакала да потенцирам уште една друга работа. Како новина, со предложение измени на текстот на законот се јавува воведување на прекршочние санкции за службените и одговорните лица во органите на државната управа. До колку во вршењето на своите должности не ги презеле навремено ефикасно сите мерки и постапки за спроведување на законот, за кој се предвидува казнена одредба од 600 евра, целта е воведување вакви прекршочни одредби заради зголемување на одговорноста на државните службеници, што позитивно ќе влијае во имплементацијата на овој закон, кои се должни да ги почитуваат и спроведуваат и да се грижат за спроведување на законските одредби.

Да кажам дека овој закон на Комисијата за транспорт и врски сите колеги пратенци овој закон едногласно го поддржаа, а според излагањата на колегите пратеници овде сметам дека и овде во Парламентот ќе биде поддржан. Се надевам дека сите забелешки кои беа дадени ќе одат во насока на подобрување на текстот на предложените измени на законот. Би сакала од мое име и од име на сите пратеници да кажам дека ова е уште еден законски текст кој оди во насока на приближување на она што е крајна цел за сите нас, евроинтеграциите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот господин Никола Ќуркчиев. Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

При изготвувањето на законите секогаш се користат искуствата и искуствата на експертите и државните службеници кои се докажале во областа што е третирана во законот. Бидејќи овој закон дојде некако набрзина и стигна на пленарна седница, немавме голема можност да дискутираме по него ни на Комисијата за транспорт и врски, се разбира и јас како учесник во оваа дебата ценам дека принципиелното прашање е иницијативата односно потребата за донесување на нов закон, со оглед дека нема ни две години од донесување на постојниот Закон. Постојниот Закон беше изготвен од европски експерти со ангажман на наши државни службеници и нормално дека во право се сите оние кои го поставуваат прашањето дали тоа значи дека европските директиви, кои тогаш беа на сила, се адекватни и важечки денес или имаме одредени пропусти кои тогаш требало да бидат лоцирани за време на подготвување на законот, а истите не биле евидентирани. Се разбира, тука после овој закон треба да очекуваме можеби измени за другите законски проекти од оваа материја, како што е Законот за отпад, Законот за природа и тн., без оглед што легислативата е жива и динамична материја, така што се плашам дека можеби во право се сите оние што велат дека во делот на животната средина врзиге измени во Законот можат понекогаш да бидат и контрапродуктивни.

Во делот на причините кои се предлагаат за донесување на законот се директивите 85 и 97 и велам дека втората причина која што е дадена е единствено, според мене, оправдана, а тоа е усогласување на казнените одредби од Законот со новиот Закон за прекршоци.

Би имал повеќе дискусии, меѓутоа, да се надоврзам на дискусијта на колегите кои веќе дискутираа по овој Предлог-закон, особено измената во членот 85, членот 68 или членовите 20 и 26 од Предлогот. Покрај нелогичности во контекст на добивање статус експерт, за кои што подобро и со пример објасни колегата Тале Герамитчиоски, може онака како што е предложено во пракса да се случи кандидатот да има поголеми референци од предложената комисија.

Според тоа, ценам дека навистина можеби ваква комисија би можело да има во некои држави кои се далеку пред нас во делот на екологијата. (Дополнување од пратеник со спомнување на Холандија). Еве, гледам и вие имате искуство, се согласувам со вас. Со други зборови, навистина можеме да дојдеме до ограничени проблеми во делот на примена на законот со таквите измени кои се дадени, се отвора можност за субјективизам и пристрасност при работата на предложената комисија за давањето лиценци за експерти, што нормално, ако ја вмешаме и политиката која очигледно ќе функционира спроед инструкции на

одредени структури на власта, се што ќе се создаде е простор за инволвирање на некомпетентни лица токму во оваа област која велиме дека е особено важна. Според мене, експертите мора да бидат со образование како што стои во одредбите на постојниот Закон.

Околу членот 29 односно членот 97 кој се менува, ценам дека оценката за прекуграничното влијание на животната средина на проектот кој се изведува на територија на Република Македонија добар е примерот со Дојранското езеро и со мониторинг станиците кои треба да бидат на реката Вардар со првата пречистителна станица во Гевгелија, за која очекувам овие денови да го распишете тендерот, односно Владата да го распише тендерот, меѓутоа, навистина стои една празнина, а тоа е меѓународното арбитрирање, што е испуштен дел од Законот, иако треба со особено внимание да се пријде на овој проблем, особено ако се третира не само Дојранското езеро туку и Охридското и Преспанското езеро.

Исто така, добро е што законот предвидува мерки од стимулативен карактер, како што се во членот 85, но можеби ова требало да дојде во Законот за отпад, особено во делот на рециклирањето. И понатаму, кога сме веќе кај оваа тема, ако веќе оваа постапка за донесување има предзнак на корекции од аспект на практичната примена на законот, тогаш мора да се интервенира и во членот 179, особено во точка 5, каде висината на надоместоците за увоз на наведени остатоци и отпадоци од олово, треба да се корегираат на ниво кое ќе биде адекватно на пазарните услови. Сумите од 20-25 денари по кгр. се неаргументирани и може да бидат дестимулативни за фирмите кои ќе вршат увоз заради извоз на предметна стока, за кои има евидентен интерес кај домашни правни лица кои се бават со оваа дејност.

Се разбира дека има уште голем број на членови за кои можеме да дискутираме, меѓутоа, сепак јас ќе дадам поддршка на овој закон, иако велам дека можеше со една поинаква динамика да дојде на пленарна седница. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина.

Пред да преминеме на гласањето, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 62 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1, член 88 во новиот член 212-ф, став 1 за додавање две нови точки за менување на член 95, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандмани за додавање нов член 66-а по членот 66 и на член 94 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 66-а по членот 66, поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 94 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина.

**Соња Лепиткова:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина.

**Минуваме на точка 8-Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе,

Сметам за потребно да кажам неколку зборови околу измената што е сега на дневен ред пред Собранието на Република Македонија. Тоа е законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, кој како што знаете основниот Закон е донесен во 1997 година, а одтогаш наваму има 7 измени на овој Закон, а оваа ќе биде 8 измена. Токму заради тоа со овој Закон се задолжува Законодавно-правната комисија да подготви пречистен текст на овој Закон.

Се работи за значаен Закон, поради тоа што овој Закон третира еден од нагорливите проблеми во Република Македонија. Тој е поврзан со невработеноста во Република Македонија односно со користење на правото на паричен надомест за време на привремена спреченост за работа. Главно, сите овие измени што досега се правеа, одеа во насока за услов за трајно користење на ова право. Со овие измени сега што се предлагаат, прво, најважната рпичина заради која предлагаме измена на овој Закон е фактот дека мора да се создадат и нормативни предуслови за да се спроведе оперативната програма за активни политики за вработување во 2007 година. Имено, Владата на Република Македонија ја донесе оваа оперативна програма со која што се предлагаат мерки за вработување во 2007 година. Јас поконкретно не би се задржувал на овие проекти од причина што во друга прилика за тоа сигурно ќе разговараме, меѓутоа, овде само сакам да напоменам дека не може финансиските средства и воопшто да се реализираат овие активни политики, доколку не создадеме нормативни претпоставки за реализација на овие проекти. Тоа е токму измената на овој Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, со кој сега практично треба да регулираме дека Агенцијата за вработување на Република Македонија, средствата кои ги прибира од придонесот за вработување, дел од тие средства ќе користи за финансирање на активни политики на вработување. Тоа практично значи дека и Агенцијата полека ќе мора да се трансформира односно карактерот на работењето не да го сведува само на посредување, туку да биде и активен чинител односно финансиер и креатор на активните политики за вработување. Токму со оваа измена се предлага да се формира посебен фонд за финансирање на овие активни политики, кој што фонд треба да биде со финансиски средства од 5% од вкупните придонеси што се собираат од придонесот за вработување. Тоа практично значи издвојување на околу 70.000.000 денари годишно за спроведување на овие активни политики за вработување. Овие средства не се креираат нови финансиски средства, туку ќе видиме после со наредната точка, од вкупно издвоените средства што сес 10% од собраниот придонес за вработување, а тој годишно е околу милијарда и 400.000.000 денари, за вработување на инвалидни лица, сега тој процент од 10% се предлага да се преполови односно 5% да оди во посебниот фонд за активни политики за вработување.

Втората работа што се предлага со овие измени е што се создаваат предуслови за разрешување на директорот во случај кога тој во два квартали покажува негативни финансиски резултати. Третата измена е во врска со определувањето на рокот во кој ќе треба да се поднесат документите за давање на одобренија за посредување при вработување.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Сосема накратко и нема да одземам многу од времето во однос на овој закон кој што се предлага, иако има неколку измени и тоа 8, во досегашниот текст на законо, треба да се направи пречистен текст на закон за она што се предлага во однос на активните мерки при вработувањата, што е еден од приоритетите на Владата, навистина треба да имаме поддршка.

СДСМ ќе даде поддршка на ваквиот закон, меѓуота очекував дека со оваа измена на законот сега што се нуди дека ќе биде понудена измена во делот на наоѓање на решение за стечајните работници во Република Македонија. Ние расправавме за еден закон, кој што беше понуден пред Собранието. Имаше оценки дека бил неуставен или не знам што се друго како изговор на немање на поддршка на ваквиот закон. Меѓутоа, мислам дека токму во законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, ќе може да се разреши овој проблем, заради тоа што постоеше законско решение, кое што беше укинато во 2000-та година и заложбите кои ги искажаа сите координатори на пратеничките групи на нашите средби кои што ги имавме за решавање на проблемот на стечајните работници, мислам дека во оваа измена на овој закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, да се направат одредени измени и поради тоа со колегите од СДСМ предложивме одредени амандмани на овој текст. Мислам дека тоа е добра прилика сите ние и во овој момент да застанеме пред овој предизвик и конечно да најдеме решение да го решиме проблемот на стечајните работници. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Стефановска Анета.

**Стефановска Анета:** Да се вратам на Законот за измени и дополнувања на Законот за животната средина, бидејќи не ме видовте кога зедов збор, сакам да се заблагодарам на Владата што имаше слух да го прифати амандманот. Инаку, амандманот се однесуваше на обезбедување на средства за намалување и отстранување на штетните последици, кои од работата на инсталациите од енергетскиот сектор по принцип на распределба на општините . . .

**Иван Анастасовски:** Вие зборувате за претходниот закон.

**Анета Стефановска:** Остварен од наплатата на овој надоместок, така што сакам да кажам, посебно за граѓаните од Битола.

**Иван Анастасовски:** Ова можеме да го сметаме како процедурално, не оди во контекст на дискусијата која ја отворивме сега.

**Анета Стефановска:** За граѓаните од Битола сакам да кажам посебно, бидејќи од таму потекнувам дека по иницијатива на градоначалникот со поддршка на министерот за лоикална самоуправа, го донесовме овој закон.

**Иван Анастасовски:** Процедурално три минути колегата Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине потпретседателе,

Навистина сакам да ми објасните по кој член од Деловникот на Собранието на Република Македонија дозволувате да се враќаме некоја претходна точка за која што веќе гласавме и ја завршивме од дневниот ред. Мислам дека ова не придонесува за ефикасност во работењето. Тогаш сите ако имаме нешто да кажеме и за претходните точки да разговараме, а ова што е на дневен ред, ќе го оставиме за некој друг ден. Мислам дека треба да се грижите за Деловникот да се спроведува онака како што е запишано и тоа е во ваши раце, а не да чекате да заврши дискусијата, па после тоа да се каже нешто.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега, јас и затоа ја прекинав колешката и не можам да предвидам кој за што ќе говори. Таа уредно пријавена на екранот, јас и дадов збор и кога видов дека се работи за нешто што поминало, веднаш ја прекинав.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам,

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Овие измени и дополнувања што ги предлага Владата, кои се однесуваат на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, начелно се во ред и истите се прифатливи за нашата пратеничка група. Меѓутоа, овој закон третира и едно друго прашање, кое веќе подолго време се протега во Република Македонија и се однесува на една категорија на работници, кои имаат стекнато над 25 години стаж и истите бараат да им се обезбеди паричен надоместок до повторно вработување или до исполнување на еден од условите за заминување во пензија. Нашата пратеничка група има поднесено неколку амандмани по однос на овој проблем, меѓутоа би сакал директно да го прашам претставникот на Владата, дали таа планира на било како начин да го реши проблемот со стечајните работници во Република Македонија. Доколку планира и министерот каже како и на кој начин ќе се реши овој проблем, ние сме спремни да ги повлечеме амандманите, се со цел повторно да не создаваме тензии во Република Македонија или во Собранието. Затоа, најдиректно го прашувам министерот, бидејќи кога беше претходниот закон на разгледување, со кој што се планираше стечајните работници да заминат во пензија со 25 години стаж, тој излезе на говорница и кажа дека тој е противуставен, противзаконски и дека не е добро да се создаваат посебни категории на граѓани во Република Македонија. Сега, овој закон е можност за она што го зборуваше Владата, министерот, владеачкото мнозинство дека тука треба да се бара решението за овие стечајни работници. Ако е проблемот кој тоа ќе го предложи или на чија иницијатива ќе се реши, нека излезе министерот и нека каже дека Владата планира да го реши ова, не со активни мерки за вработување и не со оние мерки кои што тие ги предлагаат за стечајните работници, туку директно да примаат паричен надомест до нивно повторно вработување или до заминување во пензија. Би сакал да го слушнам одговорот од Владата и доколку се спремни тие да го решат ова прашање, ние сме подготвени во интерес на овие граѓани да ги повлечеме амандманите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам. Има збор министерот за труд и социјална политика , повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам господине потпретседателе,

Значи сега расправаме по текстот на законот. Во текстот на законот ние практично немаме предлог или измена во делот на условите за користењето на паричниот надомест, кога ќе дојде амандманот се разбира ќе се изјаснам. Меѓутоа, сакам да кажам дека и ова што го зборува почитуваниот колега, предлогот на тој амандман не за стечајците, туку е за сите други, што значи дека со 25 години како што предлагаат не за стечајците, туку тоа е за сите оние што имаат над 25 години стаж. Значи, по амандманот кога ќе дојде расправата, тогаш поконкретно ќе расправаме.

**Иван Анастасовски:** Три минути има реплика пратеникот господино Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Во интерес на конструктивноста побарав министерот да се изјасни дали Владата планира да го реши ова прашање. Ние имаме предлог за сите лица кои што имаат 25 години стаж, како што беше старото решение до 2000-та година, до март да примаат надомест од Бирото за вработување до повторно вработување или до исполнување на условите за пензија. Но, бидејќи министерот, точно е, можеби не се однесува само на стечајците, туку се однесува на сите други кои имаат над 25 години стаж и треба да примаат надомест од Бирото за вработување. Меѓутоа, јас побарав од министерот дали Владата и владеачкото мнозинство планира да го реши ова прашање, да не создаваме повторно тензии во Парламентот и во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Ќе бидам многу кратка, со оглед што е и толку времето до паузата. Се јавив да ја искажам поддршката за предлогот за донесување, за дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. При тоа, најнапред би истакнала забелешка што овој закон има 8 измени и не сес пристапи кон интегрално нов текст, иако Законодавно-правната комисија има став дека после 3 измени се препорачува интегрално нов текст. Овде веќе имаме 8 измени, иако не задолжува Владата да изготвиме пречистен текст, би сакала да напоменам дека пречистениот текст не е изворно право, што значи примената ќе биде отежната. Затоа, препорачувам доколку одјде до следни измени да се излезе со интегрално нов текст на закон. Тоа е една работа.

Друга работа е мојата поддршка е пред се во насока на дополнувањата во членот 1 од Предлогот, со кој се скратува или е во насока на скратување на дискреционите права на министерот и се определува строго рок во кој треба да одговори на прашањето за отворање на, после поднесените документи Агенција за посредување на вработувањето. Тоа е добро решение и мислам дека брзо и ефективно ќе се завршуваат барањата и е потребно да знаат за колку време ќе им се одговори. Исто така, за поддршка е решението со кое се воведува една активна политика, всушност Агенцијата за вработување ќе биде еден активен чинител во креирање на политиките и мерките за вработување, а не само пасивен евидентичар на невработените или на движењата вработени и невработени лица, па потребно е таа Агенција да заџема една поактивна улога. Сега, се издвојуваат средства кои што би требало да помогнат за да може Агенцијата да го добие своето вистинско место. Тоа решение е за поздравување. Единствено што би искажала една можеби резерва околу решението во членот 2, каде што се воведува уште еден дополнителен услов кога директорот може да биде разрешен, ќе биде разрешен ако покаже негативно финансиско работење во два последователни квартали. Тоа е 6 месеци и сметам дека периодот е многу краток. Агенцијата за вработување не е финансиска или профитабилна организација, па низ призма на финансиски резултати да го мериме нејзиното работење. Мислам дека таа има поинаква призма низ која треба да го гледаме работењето на Агенцијата, вклучително тука и на директорот. Имам доверба дека можеби ќе покаже некакви резултати, меѓутоа мислам дека ќе ги ставиме директорите на агенциите во една друга позиција, постојано да работат на своите финансиски извештаи, бидејќи 6 месеци е многу краток период и можеби да покажат пасивност во една поактивна политика на водење на агенциите и работење на проактивните политики за вработување. Камо да не сум во право, меѓутоа ова морам да го искажам како една резерва по ова решение. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам,

Овде објавувам пауза до 15,00 часот за ручек.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Процедурално за збор се јавува пратеничката Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам потпретседателе.

Пред паузата, со оглед на тоа што другиот потпретседател ја водеше седницата, точката е сеуште на почеток. Во која смисла? Во смисла што го утврдуваме предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Од повеќето дискутанти се кажа дека се работи за предлог. Некои спомнаа дека се расправа по текстот на законот и се одеше до таму што некои од дискутантите спомнаа и за поднесени амандмани.

Јас би предложила ние да одиме со расправата така како што налага и Деловникот, значи да ја водиме расправата, да го заклучиме првиот дел односно Предлогот за донесување за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, па понатаму да расправаме за текстот, па да расправаме и за поднесените амандмани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеничката Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван, потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Во врска со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност со предлог-закон и во врска со потребата од донесување на овој закон, би сакала да истакнам дека уште претходната Влада имаше констатирано дека средствата кои се собираат како 10% од придонесот за вработување и се наменети за инвалидни лица, постојано се акумулираат. На сметката за вработување на инвалиди сумата достигнува околу 300 милиони денари кои, имаше интенции и активности со посебен закон да се пренаменат односно средствата од посебниот фонд да бидат наменети за вработување за активни мерки, за надоместок на посебни групи и т.н.

Би сакала да кажам дека даваме поддршка за искористување на средствата од посебниот фонд за вработување на инвалидни лица и за финансирање на активните мерки и политики за вработување. Меѓутоа, ова е момент кога треба уште една категорија на невработени лица да се згрижи. Има невработени лица со над 25 години работен стаж, невработени лица кои веќе неколку години се здружуваат, даваат предлози на закони, одделни пратенички групи во нивно име предлагаат предлози на закони. Така што во рамките на овој Предлог-закон, сметам дека е време да бидат третирани и лицата со над 25 години работен стаж, таканаречените стечајци.

На кратко би сакала да повторам и дискусија од еден мој претходник кој кажа дека во март 2000 година односно претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ го укина надоместокот од 40% од просечната месечна плата на ниво на Република, да добиваат лицата со над 25 години работен стаж. Веќе 7 години овој по мене исправен, тогаш, закон е укинат и тој надоместок не го добиваат лицата со над 25 години работен стаж. Такви во Македонија има 5.000. Нивниот број е 1,2% од вкупниот број на невработени лица. Тоа се луѓе во поодмакли години, над 55 години, најголем дел од нив, луѓе за кои е потребно Владата на Република Македонија да обезбеди згрижување до нивно повторно вработување.

Јас ја почитувам процедуралната забелешка на колешката Светлана, меѓутоа овде сме пратеници со право на слободна дискусија. Поради тоа ценам дека сега е момент да кажеме што мислиме за оваа категорија на луѓе на кои, за волја на вистината, вие им делевте сендвичи, им плаќавте пат и ги организиравте да штрајкуваат. За волја на вистината, тоа веќе е минато, меѓутоа дајде да не си играме со 5.000 граѓани на Република Македонија, согласно позитивните законски прописи, согласно Уставот на Република Македонија, предложете закон за нивно згрижување.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Три минути реплика за пратеничката Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Законот за вработување и осигурување не познава една категорија стечајци. Таа ја познава категоријата невработени лица и правата кои можат да ги остварат согласно тој закон. Значи според овој закон не користат паричен надоместок 5000 лица, меѓутоа паричен надоместок користат над 40.000 лица. Тоа е прво.

По она што се однесува на тоа дека паричниот надоместок на некој начин треба да го остваруваат тие на кои им следува, независно дали се од фирми стечајци, дали се технолошки вишок, дали се загубари по аранжманите Фесал 1 и Фесал 2 односно попознат како 25 загубари. Тоа е постапка и ангажман на Министерството за труд и социјална политика односно на Владата на Република Македонија која со програмата за 2007 година односно од 2006 до 2010 година, има предвидено мерки како и на кој начин тоа ќе го регулира.

Повторно апелирам да се задржиме на утврдување на предлогот за донесување за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во сллучај на невработеност.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Јакимовска.

Една минута контра реплика за пратеничката Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Веројатно не ме слушавте внимателно. Јас кажав дека се работи за категорија на луѓе со работен стаж над 25 години, популарно наречени стечајци. Јасно кажав дека тоа не се категорија на лица стечајци, туку категорија на лица со над 25 години работен стаж.

Исто така јас не кажав дека над 40.000 лица или само 5.000 лица не примаат или примаат паричен надоместок, туку 5.000 лица се категоријата со над 25 години работен стаж без решен статус.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Пред да пристапиме со гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Бидејќи во салата се присутни доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеник, за гласале 55, воздржани 3, против 4.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласаа 60, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Благородна Цветковска поднесоа амандмани за додавање нов член 1-а по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Благородна Цветковска под архивски број 07-299/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Мешков.

**Љупчо Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

Би сакал да кажам неколку збора затоа што повторно се разви дискусија од пратениците околу ова прашање кое и во минатиот период беше доста дискутирано.

Овде сега амандманот поаѓа не само за овие луѓе кои поради стечај останаа без работа, што пресметавме некаде дека се околу 6.000 луѓе, туку овде во начелото на уставноста е запазено. Значи се предлага со 25 години сите оние невработени кои се со над 25 години стаж да можат правото на паричен надоместок да го користат трајно до вработување или до пензионирање. Тоа практично значи дека не се работи за бројка од 6.000, туку се работи за многу поголема бројка која, сразмерно

на тој поголем број, бара и многу поголеми финансиски средства. Во овој момент немам такви податоци, меѓутоа навистина е потребно да се направи една анализа и да се види колкава ќе биде таа бројка, бидејќи тука нема да бидат сега само овие таканаречени стечајци, туку ќе се опфатат и сите други, технолошки вишок или некоја трета категорија која е над 25 години стаж на осигурување.

Втора работа која сакав да ја нагласам е фактот дека од донесување на овој закон од 1997 година наваму, политичките партии нуделе разни решенија, измени, амандмани, закони за измена на условите за стекнувањето на трајно користење на правото на паричен надоместок и тие предлози биле различни, во зависност од тоа дали политичките партии биле на власт или биле во опозиција, што се разбира тоа е нивно право да предлагаат. Меѓутоа, кога се дискутира од аспект на опозиција и кога ќе се дојде на власт е друга заложбата, или обратно. Значи такви примери, ако се вратите назад овие години, ќе видите дека има доста примери. Тие што сега на пример се во опозиција, тие можеле тоа да го сторат кога биле на власт, но не го направиле. Тоа сега го предлагаат. Или обратно. Според тоа овој пат би сакал да замолам, навистина, пратениците во Парламентот да ги поддржат мерките што ги предлага Владата во врска со вработувањето, кои се содржани, кои се стратешки за еден подолг период. Значи содржани се во Националната стратегија за вработување, во Акциониот план и во Оперативниот план за активните политики за вработуваање.

Од тие причини, амандманот што е предложен од пратениците, Владата не го прифаќа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

За реплика се јавија Роза Топузова-Каревска и Славица Грковска.

Три минути реплика за пратеничката Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Би сакала само една кратка реплика на почитуваниот министер. Имено, министерот рече дека политичките партии нуделе и носеле различни решенија и различно се однесувале во однос на тоа дали се на власт или во опозиција.

Јас оваа констатација на министерот не можам да ја прифатам затоа што на седницата кога се дебатираше околу Законот, во март 2006 година, кога мојата партија ЛДП, беше дел од парламентарното мнозинство и тогаш и сега и пред две седмици говорев дека на оваа категорија на луѓе треба да им следува паричен надоместок. Значи не е точно дека сме се однесувале различно кога сме на власт и во опозиција. Да, тогаш Владата сметаше дека не треба да се донесе таков закон, но точно пратениците, пред се од парламентарното мнозинство гласаа и го изгласаа тој закон, за разлика што тогашните пратеници од тогашната опозиција тогаш сметаа дека треба таков закон и дека на сите тие луѓе државата треба да им излезе во пресрет и да им помогне, без разлика дали тоа ќе биде пензионирање или ќе биде надоместок до вработување. Сега сметаат поинаку односно говорат спротивно.

Јас и тогаш сум го поддржала законот и сум сметала дека навистина, тие луѓе не смеат да бидат пропуштени на својата судбина, туку државата да застане зад нив и да најде начин да им помогне.

Што се однесува до анализите, почитуван господине министре, какви анализи веќе одамна има во Министерството, за сите категории на луѓе. И колку би чинеле надоместоците во текот на една година. Значи, да не се криеме зад тоа дека нема анализи. Анализи има. Точно е дефинирано колку луѓе ќе го користат ова право и колку тоа ќе зафати од Буџетот во годината во која што ќе почне да се спроведува.

Значи, сакам да кажам околу доследноста, ние сме доследни на она што сме говореле и кога сме биле дел од мнозинството и сега во опозиција, за разлика од некои кои тогаш го крититикуваа Бранковиот закон, даваа поддршка на стечајните работници и тогаш знаеја што се стечајни, а сега не знаат што се стечајни работници. Многу добро на сите нас ни е познато и не не интересира дали е познато во светската терминологија. Сите ние знаеме кои се стечајни работници во Македонија.

**Весим Догани:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Пратеникот Слвица Грковска се откажува од реплика.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господине министре,

Најискрено жал ми е што во претходната фаза во однос на оценувањето на потребата од донесување на овој закон не изразивме став на Владата и на мнозинството дека сте подготвени да го решите проблемот на оваа категорија на граѓани.Сега ќе избегневме добар дел од денешниве дискусии. Во интерес на граѓаните ќе се најдеше решение. Сега повторно се обидува за едно конкретно прашање, за еден конкретен проблем, да се внесува политика, така што овие стечајни работници, покрај тоа што се или луѓето со над 25 години стаж кои останале без рабора, покрај тоа што се жртви на транзицијата, ќе испаднат жртви и на политиката.

Во однос на конзистентноста на ставовите, не сме во иста позиција, туку напротив. Кога претходно вие бевте во опозиција, тврдевте дека мора да се најде решение и треба да се најде решение за оваа категорија на граѓани. Тогаш знаевте дека сте стечајни работници, а сега упорно се трудите, дефокусирајќи го вниманието, да зборувате за други проблеми што не тангираат во однос на амандманите, она што ние сакаме да го

постигнеме. Повторно, извбегнувајќи одговор на прашањето, дали, како и кога планирате да го решите овој проблем, па во интерес на тоа да ги повлечеме амандманите и да бидеме конструктивни. За жал, нема одговор од ваша страна и од владеачкото мнозинство. Тоа е многу јасен сигнал дека она што сте го зборувале пред изборите, важело до 5 јули. После 5 јули не важи она што сте им го ветувале на граѓаните. Меѓутоа, тоа е ваш проблем и ваша е одговорноста како ќе се носите со овие проблеми.

Во однос, конкретно на амандманот, со овој амандман се предлага во членот 68, каде што е регулирана висината на паричниот надоместок, што изнесува 40% во постојното законско решение, да се зголеми за 10% и да изнесува 50% од . . .

(дофрлање од место)

Во ред. Не е проблем. Меѓутоа, во членот 71, ставот 3, се предлага да се врати старото законско решение што важеше до 31 март 2000-та година, со кое што право на паричен надоместок ќе остваруваат сите лица што имаат над 25 години стаж на осигурување. Паричниот надоместок да се исплатува до неговото вработување, односно настапувањето на некои од условите за престанок на правото на користење паричен надоместок. Значи, овој закон важеше до 31 март 2000-та година. Не беше оспорен ниту пред Уставниот суд, ниту беше оспорен од некоја друга институција во државата и сите оние кои ги исполнуваат условите по однос на овој закон примаа надоместок до вработување или до примање на пензија.

По однос на бројката што ќе биде опфатена со постојното законско решение, јас имам од официјалната веб страна на Министерството за труд и социјална политика, од Агенцијата за вработување, вкупно корисници на паричен надоместок во случај на невработеност, според основот користење, вкупно во ноември 2005 година имало 41.412 граѓани. Сега, во ноември 2006 година тој број изнесува 33.196 граѓани. Самото намалување на корисниците на ова право создава предуслови да се зголеми основицата за добивање на паричен надоместок исто така создава услови да се вметне и категоријата на стечајни работници, кои пред извесно време протестираа пред зградата на Собранието, барајќи решение на проблемот. По тој основ, над 8000 корисници на ова право се намалиле за една година и мислам дека тука има голема резерва, голема можност, доколку се има добра волја да се реши прашањето на овие стечајни работници.

Оние кои по основ на стечаи примале надоместок, во ноември 2005 година, според официјалните податоци на Агенцијата за вработување изнесувале 9.399, додека во ноември 2006 година, изнесувале 6.504 граѓани. Така што, мислам дека оправдувањата или избегнување на одговори дека ова прашање може да се реши не држат, бидејќи како поминува времето се повеќе се намалува оваа категорија и не создава дополнителни трошоци или дополнителни реперкусии врз расходната страна на Буџетот.

Не држи оправдувањето дека нема доволоно средства за да се реши проблемот на целата категорија на граѓани. И, колку побрзо излезете со конкретен предлог или решение, колку ќе биде подобро. Мислам дека не можете да бегате вечно од ова прашање, бидејќи се додека не се реши, ние ќе го поставуваме не дневен ред и ќе потсетуваме на сето она што сте го давале како ветување за време на предизборната кампања, кога на овие луѓе им ветувавте брзо и ефикасно решавање на нивниот проблем.

Така што, ги замолувам колегите пратеници од парламентарното мнозинство, како што претходниот состав собра храброст и гласаше за решение со кое ќе се реши проблемот на една категорија граѓани, да стиснат копче за и да го поддржат овој амандман, така што едно прашање што ги оптоварува односите во Собранието, да биде решено.

Благодарам. Очекувам поддршка за амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Реплика побара министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Почитуваниот колега рече дека ние како Влада бегаме и дека не можеме вечно да бегаме од ова прашање, баш така се изрази.

Сакам да му кажам дека ние воопшто не бегаме од решавање на ова прашање, туку само патот, приодот на решавањето на прашањето е различен во однос на она што вие го предлагате, тоа значи луѓето да седат дома и да примаат паричен надоместок со години и предлогот, односно политиката на Владата да создава активни политики за вработување, без оглед за каква категорија на невработени се работи, дали за стечајци, дали за млади невработени, дали за подолгорочно вработени итн. За тоа, неколку пати досега спомнав дека има донесено и документи и стратегии донесено. Значи, различен е приодот, а ние не бегаме од решавањето на ова прашање, меѓутоа различен е начинот на кој што предлагаме тоа да биде решено.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контрареплилка Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине министре,

Ова што го кажавте, можеби држи за некоја друга категорија на граѓани кои имаат помалку години и кои малкупомалку стаж имаат во Република Македонија, имаат можност да најдат работа, согласно своите квалификации.

Меѓутоа, факт е дека за оваа група на граѓани нема можност во толкава мера или можноста е многу мала да најдат повторно вработување. Оние мерки што ги предлагате, ќе дојде време ако останете на тие, а ќе биде грешка ако останете, ќе ги анализираме колку од нив, по основ на овие мерки што ги предлагате, нашле решение.

А, дека не е така, само да ве потсетам дека расте и бројот на невработените. И по тој основ тие нема. Значи, од јули кога изнесувал 321.541, во ноември

изнесува 364.463 вработени, значи над 40 илјади се зголемил бројот на невработените и кога ќе ја додадете и оваа категорија, тешко дека ќе најдат работа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути, Јакимовска Светлана, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам потпретседателе,

Колегата Марјанчо, образложувајќи го амандманот побара да се врати решението што важело до 31 март 2000-та година. Го ценам неговото мислење и неговиот став. Меѓутоа, гледајќи ги сите три амандмани што ги има поднесено пратеничката група, тоа се пратеници од овој состав, јас се сомневам дека се консултирале со своите колеги пратеници од поранешниот состав. Затоа што имале можност ова да го направат, ако постоеше волја, ако не се работи за нешто друго, овој закон претрпе измени во 2003 година, во 2004 година, претрпе измени и во 2005 година, и во 2006 година. Тоа се четири измени што претходната Влада, односно мнозинството, тогаш СДСМ можело, доколку имало желба и волја тоа да го направи.

Меѓутоа, во интерес на вистината, сите овие измени во овој период се многу повеќе рестриктивни. И тоа, во 2004 година има рестриктивна измена што периодот од 12 се замени со 24 просечни плати, што беше уште многу потешко за вработените, оние што останаа без работа, за да го користат ова право. Во 2005 година, членот 66 претрпе измени, со тоа што за остварување право на паричен надоместок како време поминато во работен однос не се смета времето за кое невработеното лице примало паричен надоместок. Понатаму, се намали процентот на плаќањето на придонесите за пензиско и инвалидско, што тогаш се плаќаше на 100% од платата се намали на 80%. И, 2006 година, наваму воопшто не се плаќа придонес, за ПИО за лица кои примаат паричен надоместок, само за категорија на лица кои немаат 15 години стаж.

Јас не знам дали колегата е запознат со оваа материја, но добро е ако вака се дискутира за оваа тема, да се запознае. А не, едноставно ние шетаме за овој закон, измените на овој закон ги поврзуваме со други категории што можат да влезат, да се разгбовара за друг закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута пратеник Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Жал ми е што повторно, во недостиг на аргументи, се бара излез во дефокусирање на прашањето или од дискусијата, по однос на амандманот. Бараме враќање на законското решение што важеше до 2000 година, и кога 2000 година беше на власт ВМРО ДПМНЕ, го промени и ги зголеми условите за стекнување право на паричен надоместок од Агенцијата за вреаботување, до повторно вработување или до добивање на пензија. Тогаш тие рекоа дека треба да има 55 години старост и 25 години стаж. Така што, оттука почна проблемот на сите стечајни работници или други категории кои останаа без работа после 31 март 2000-та година и не можат да остваруваат паричен ндоместок до повторно вработување или до остварување на правото на пензија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор имам пратеникот Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници, како што кажав и во општата расправа што се отвори по Предлогот за донесување на овој закон, иако СДСМ даде поддршка на донесување на ваквиот закон, со цел да заживеат и ги видиме на дело активните мерки за вработување на Владата на господинот Груевски, меѓутоа, имајќи предвид она што се говореше во претходните расправи по однос на решавањето на проблемите на стечајните работници, имајќи предвид дека единствено според зборовите, тогаш и на претставниците на Владата и на парламентарното мнозинство може да се изнајде решение во ваквиот закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, искрено очекував дека со измените што се нудат од Владата, ќе најдеме барем неколку членови што ќе можеме да го водиме решението за проблемот на овие стечајни работници или на сите оние луѓе кои имаат над 25 години работен стаж. На тој начин да се разреши конечно овој проблоем што со години се провлекува во Република Македонија, без разлика дали една или друга Влада била во моментот во Република Македонија.

Заради тоа предложивме еден амандман со кој што го враќаме старото решение, што е донесено со законот од 1997 година, да можат да имаат паричен надоместок сите кои останале без работа со над 25 години стаж. Имаше доволно време. Мислам дека 7 месеци од изборите поминаа. Имаше доволно време да конечно се излезе со едно решение од страна на Владата пред Собранието на Република Македонија, во кое што ќе ги видиме мерките како и на кој начин се предлага да се разреши ситуацијат со овие граѓани.

Мислам дека освен голите декларации, што се истакнуваат од страна на претставниците на Владата па и од самиот премиер и од парламентарното мнозинство дека ние се подготвуваме, бараме решение итн., да го решиме овој проблем, од тоа нема ништо. До сега ниту еден предлог не беше понуден освен голите декларации дека еве, овој закон што го предлагате за ПИО, што беше предложен од ВМРО Народна партија не е уставен и не може на овој начин да се решат проблемите со стечајните работници. Еве сега гледаме дека повторно и овој закон не е добар. Сега не се решава проблемот на

стечајните, туку и на други категории на луѓе. Мислам дека е само одолговлекување, купување на време, и конечно, со отворањето, осмо или деветто на овој закон за измените, мислам дека, да не се доведеме во ситуација да правиме повторни измени на ваков закон или пак ако има ново законско решение, со кое што ќе се реши овој проблем на оваа категорија на луѓе, требаше да биде кажано од страна на министерот дека Владата подготвува решение за проблемите. Ние бевме подготвени амандманите да ги повлечеме, заради тоа што не би сакале да правиме расправа што ќе се одолговлекува во Собранието без конечно донесен резултат на овој проблем.

Меѓутоа, после немањето таков став од Владата и немањето искажување дека има некакво решение што ќе биде доставено до Собранието, јас мислам дека преку амандманска расправа и преку прифаќање на овој амандман Владата можеше да изнајде решение. Заради тоа барам пратениците од парламентарното мнозинство, сите оние кои се повикуваат на оваа катеогрија на луѓе, сите оние кои на изборите им беа главни адути решавањето на проблемите на стечајците, сите други категории на луѓе во Република Македонија, треба да покажат доблест во овој  момент и храброст да донесат одлука, онаква каква што посакуваат оваа категорија на луѓе.

Впрочем, мислам дека и вчерашната изјава на претседателот на НСДП, Тито Петковски во Куманово дека преку едно вакво законско решение пратеничката група ќе продолжи, очекував денеска, кога ќе се расправа на оваа седница дека и тој и неговите членови на пратеничката група ќе бидат присутни овде и ќе дадат поддршка. Мислам дека конечно треба да застанеме во одбрана на интересите на оваа категорија на луѓе и дајте, сега да го решиме проблемот кога навистина сме растоварени од пред изборни кампањи или ветувања во последен момент.

Почитувани колеги дајте поддршка на овој амандман и конечно да застанеме зад едно решение кое што ќе биде трајно решение за оваа категорија на граѓани во Република Македонија, а со тоа и да ги намалиме тензиите и да покажеме политичка волја дека сакаме и сме спремни да го решиме овој проблем.

Во спротивно навистина јас не очекувам дека нешто ќе се донесе како конкретна реализација на Владата, ниту пак на Собранието, само остануваме на голи декларации, искажувања дека сакаме да ги решиме проблемите, меѓутоа кога ќе се понуди конкретно решение секогаш се отфрла со изговор дека ова не е вистинското, па дајте го вистинското решение, ние сме спремни да поддржиме секакво решение кое ќе биде во функција на решавање на овој проблем. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеникот Илија Димовски. Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Темата на која што се обидува денеска опозицијата да ќари некој промил од процентите кои што ги губи масовно на анкетите е болно и е жално што се обидува на оваа тема да ќари некој политички поен повеќе.

Јас апсолутно го признавам фактот дека оваа групација на луѓе имаат огромен проблем, меѓутоа исто така го признавам и фактот дека начинот на кој што ќе се решава овој проблем мора да биде малку поинаку поставен од она што опозицијата се обидува на секоја кривина да го наметне како тема на дневен ред, не од друга причина, туку од причина дека ќе се обиде на некој начин да искрвари малку од рејтингот кој што го има власта

Дека станува збор за политичко лицемерие ќе ве потсетам, некаде во 2003 година вашите сегашни пратеници Цветанка Иванова и Јово Манасијевски дaвaa убаво објаснување што е разлика меѓу активни мерки, што е разлика меѓу пасивни мерки во проблематиката, па вашиот пратеник Јово Манасијевски, лидер на ЛДП набројува 20 држави во Европа каде што пократок е терминот на давање на надоместоци итн.

Исто така јас би сакал да го прашам господинот Оливер Спасовски каде се бившите министри, а сега пратеници на СДСМ и кога расправавме по претходниот закон и сега да се јават за збор и да ја бранат оваа политика која што вие ја браните како нови пратеници на СДСМ. Јас ќе ги набројам бившите министри, а сега пратеници. Госпоѓа Шекеринска, господин Бучковски, госпоѓата Мери Младеновска, господинот Тале Герамитчиоски, секако господинот Никола Поповски како “најуспешен” министер за финансии, господинот Јово Манасијевски и госпоѓата Илинка Митрева. Тие седум луѓе кои што сега се пратеници ниту претходно дискутираа кога разговаравме за оваа проблематика, ниту сега дискутираат. Тие пратеници кога беа министри апсолутно се бореа против политиката која што вие сега како нови пратеници на СДСМ ја застапувате.

Разликата помеѓу нашите две политички опции е во тоа што ние пред избори не ги лажевме овие луѓе. Разликата е тоа што кога станува збор за основните човекови егзистенционални потреби ние не го употребуваме политичкото лицемерие кое што вие го употребувате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За контра реплика се јави Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Господине Димовски како прво не се грижете за опозицијата и за нивниот рејтинг. Тоа  ќе го покажат граѓаните на следните избори.

Второ, вие не ги лажевте пред изборите, вие сеуште ги лажете. До ден денес ги лажете и им давате лажна надеж дека сакате да ги решавате проблемите на овие категории на луѓе, меѓутоа кога ќе се понудат решенија ги изневерувате или гласате против.

Трето, ќе го решавате малку на поинаков начин, или на поинаквно поставување на работите. Па, дајте го веќе еднаш тој начин овде пред

Собранието. Не е доволно само да излезете и да кажувате дека ќе понудите начин за решавање на овие проблеми. Еве, дајте го решението ние сите ќе го поддржиме. Инаку, земете го листингот од гласањето за законот за стечајните работници ќе видите каде биле нашите министри и како гласале во тој момент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Верица Филипова. Повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Кој што правеше и кој како правеше, кој што и ветуваше на таа група луѓе за кои се однесува овој амандман постојат живи сведоци, ќе кажат.

На средбата на координаторите со стечајните работници при првиот нивни штрајк пред еден месец, пред Собранието стечаен работник од Струмица, член на ВМРО-ДПМНЕ и се обрати на колешката Силвана Бонева со зборовите “Па ти ни ветуваше дека за 2-3 месеци ќе го донесете законот. Ајде донесете го. Каде сте сега. Има сведоци за тоа, не го измислуваме”.

Сте им викале на стечајните работници дека не се за жалење, живеат во двоспратни или троспратни куќи, дека имаат сопствени бизниси. Јас сега, така било, така ли беше господине министер, ќе ви прочитам изјави на дел од нив.

“Имам 56 години старос и 33 години стаж. Сега сум на улица без работа. Ми ветивте дека ќе ме вработите, или ќе донесете закон за загубари со кој ќе бидеме згрижени до пензионирање, но не излажавте”.

Друга изјава “Јас сум стечаен работник и имам стаж 35 години. За 10 дена не ме фати законот да остварам право на минимален паричен надоместок до пензионирање. И мојата жена е стечаен работник со 34 години стаж. Двајцата сме на возраст од 57 години. Ги замолуваме пратениците во Собранието на Република Македонија да ја исправат оваа неправда и да донесат закон со кој ќе бидат згрижени сите работници кои останале без работа по основ на стечај и ликвидација”. Да не читам понатаму, има многу, многу слични изјави.

Стечајните работници се една од групите која е најзасегната од социјалната ситуација во државата. Нивната најголема грижа е тоа што најголемиот дел од нив работеле и плаќале даноци во државата повеќе од 30 години, но откако нивната компанија влегла во стечај тие се останати без никакви приходи. Поради тоа основен проблем за најголемиот број од нив е недонесувањето на закон за загубари, закон за стечајци, закон за лица со нерешен статус со стаж од над 25 години, или како уште како ќе го крстиме тоа е работа на техника, не суштина.

Тоа што некој, сега не сме ги знаеле законите, или ние не сме ги знаеле законите, колку пати сме ги менувале, тоа не го прашувавте мината година кога им делевте сендвичи на тие луѓе. Тогаш се знаевте и се ви беше јасно, меѓутоа манипулиравте со голема група на граѓани. Сега сте на потег. Ако не ви одговара овој закон, ако не ви одговара овој амандман дајте предложете некој друг. Не сакам да се повторуваме, меѓутоа кажете кога ќе го решите статусот на овие луѓе.

Од ден на ден се се помалку затоа што дел од нив исполнуваат услови за одење во пензија, дел од нив се вработуваат. Впрочем во Македонска Каменица со отворање и рестартирање на Рудникот Саса се вработија преку 200 од групата стечајни работници. Останува најзагрозената група, групата која не може да најде вработување поради незаинтересираноста на работодавците за нив бидејќи се веќе возрасни, слабо гледаат, слабо слушаат, невната вештина е намалена. Не можеме да ги оставиме на улица ако 30 години придонесувале, работеле за државата, плаќале даноци итн.

Не ви одговарал претходниот закон затоа што бил предложен од страна на ВМРО Народна партија и од страна на госпоѓата Весна Јаневска, па немало да го гласате затоа што бил од Весна Јаневска. Да бил од некој друг можеби би го гласале. Еве овој амандман е од нас, ќе го изгласате ли? Нема. Предложеме амандман, предложете закон изгласајте го, ние ќе ве поддржиме. Да не си играме со судбината на тие луѓе.

Беше кажано дека во меѓувреме откога бил поднесен законот на ВМРО Народна многу фирми фиктивно отишле во стечај и бројот на стечајните работници се зголемил рапидно, па во случај да се изгласал тој закон да земале надомест од државата.

Надоместокот за овие лица со нашиот амандман ќе изнесува 40% од просечниот личен доход во државата, или 4-5 илјади денари. Кој работоспособен, кој човек што има вработување ќе отиде под стечај и ќе добие статус на невработено лице за 4-5 илјади денари, а во меѓувреме ќе работи. Па, ние сме правна држава, се залагаме сите за тоа. Вие сте сега на власт, трудовата инспекција нека работи, нека ги фати сите тие што ќе го злоупотребат законот ако го земаат овој надоместок и плус ќе работат. Не држи, не пие вода и оваа забелешка.

И околу рејтинзите на партиите користам право во оваа моја дискусија да го кажам и тоа по втор пат во ова Собрание дека рејтингот на Социјалистичката партија на Слободан Милошевиќ во времето на неговото владеење во Србија беше над 70%, а што стана со Србија сите знаеме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и на вас и ќе ве замолам во иднина да говорите околу амандманите, а не општа расправа.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Повеќе процедурално господине потпретседателе.

Предлогот на амандманот не е за стечајците. Предлогот на амандманот е за невработените со над 25 години пензиски стаж и ве молам на таа

тема да зборуваме, затоа што не е ист проблемот. Со 25 години стаж може да биде и 41 годишен човек. Значи, кога зборуваме за амандманот да зборуваме онака како што е предложен, за 25 години, а не цело време да зборуваме само за стечајците.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Петров Горан има збор за реплика.

(Реакција на пратениците од СДСМ)

Како не може, може. Тој е предлагач и има право да каже за што се работи.

Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам потпретседателе.

Би се повторил во дел од дискусијата односно процедуралната забелешка на министерот. Очигледно е дека новата гарнитура на пратеници на СДСМ имаат едно сценарио кое што е многу провидно. Претходниот говорник воопшто не разговараше за амандманот. По однос на амандманот поставив една искривена теза. Јас сваќам дека и јас сум можеби прв пат од пратениците во Парламентот, меѓутоа колешката доаѓа од СДСМ која што 4 години беше на власт, имаше можности и начини како да го реши ова прашање.

Доколку прашањата се решаваат со поднесување на само еден амандман јас сум сигурен дека СДСМ во претходниот мандат ќе го направеше тоа. Меѓутоа, зошто не го направи и како мисли да го направи воопшто не знам.

Јас би апелирал до сите колеги пратеници маката на онаа категорија луѓе што ја спомнуваат надвор од контекстот на амандманот да не се злоупотребува, бидејќи очгледно е дека колку и да не сака, но на некој од колегите пратеници им прработела совеста и за оние луѓе кои што се директно одговорни за нивната општествена состојба сега лијата крокодилски солзи нудејќи им т.н. решенија.

Колешката Филипова можеби сакаше да укаже дека и самата и нејзината партија, јас би рекол и повеќе од тоа е виновна за она каде сега се наоѓаат овие групи на невработени, за кои што повторно ќе речам се нудат некои фантомски решенија. Она што значи системско решавање, она што значи системски активности за решавање на овие проблеми се долготрајни процеси и бараат многу повеќе од само 7 месеци колку што е оваа Влада. Јас искрено им се восхитувам на колегите од СДСМ како имаат толку доверба во сегашната Влада и бараат за само 2-3 месеци да ги решт проблемите кои што тие не можат да ги решат со години. Меѓутоа, убеден сум дека оваа Влада ќе изнајде решение. Овие амандмани и овие дискусии денеска ќе бидат само пет минутна слава на дел од колегите пратеници кои што сакаат да имаат алиби и повторно да испаднат пред некоја група на луѓе како нивни наводни спасители и со тоа во очајнички обид да го поткренат рејтингот на сопствената партија, да се прикажат како нивни спасители. Меѓутоа, процесите се неминовни, да оставиме времето да го покаже своето. Колегите пратеници нека бидат трпеливи, сепак прв пат ни е во овој Парламент. Доколку овие амандмани беа издржани ќе беа предложени од некои од нивните колеги бивши министри кои што се сега пратеници, меѓутоа во очигледен недостиг ги пуштаат сегашните колеги да "горат" за носење на едни т.н. решенија за овие граѓани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петров.

Процедурално бара збор господинот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Почутуван потпретседателе,

Имам неколку процедурални забелешки.

Првата е на последниот колега пратеник.

Во Собранието не се делиме на стари и на нови пратеници. Ако веќе инсистира на старите пратеници јас ќе дадам процедурално појаснување дека почитуваниот колега не знам од што и од кои причини мотивиран цело време говореше за ретроспектива на владеењето на СДСМ. Вие за тоа не го опоменавте и не му го одземавте зборот. Значи, тоа не беше воопшто реплика, ниту пак по содржината на амандманот, ниту пак на она што го говореше колешката Верица Филипова. Така што неосновано не може на ваков начин да се прават подметнувања во говорите и да се алудира на нешта. На крајот на краиштата времето на СДСМ кога требало да ги решава проблемите не го решило ова прашање, ги изгуби изборите. Сега одговорноста се очекува од оваа власт. Тоа е како процедурално појаснување за да нема повеќе вакви непроцедурални реплики.

Втората процедурална забелешка се однесува исто така до вас.

Во претходниот случај пред да говори почитуваниот пратеник министерот согласно Деловникот за работа на Собранието нема право на процедурална забелешка. Министерот може да побара реплика за дообјаснување, како што беше случајот, на што пратеничката Филипова требаше да добие збор за одговор на репликата во траење од една минута. Мислам дека и тука е прекршена процедурата.

Ве молам во иднина да не се создаваат вакви ситуации затоа што опозицијата има право да говори и да изнесува критики, затоа што оваа власт е должна да ги решава проблемите, а не може власта ако не и одговара тоа што сака да го чуе на ваков начин, со наводни процедурални манипулации да ги искривува фактите на опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Како прво што се однесува на стари и нови пратеници во Деловникот никаде не пишува ни нови ни стари, туку пишува пратеници.

Правото на пратеникот дали ќе рече стари или нови или средни пратеници не е казниво според Деловникот.

Второ, што се однесува за дискусиите што се однесуваат "за време на СДСМ" "за време на ВМРО-ДПМНЕ" тоа е нешто што господине Кондарко вие треба да го расчистите со вашата пратеничка група.

Јас уште еднаш укажувам, не сакав да ја прекинувам госпоѓата Филипова, но навистина не зборуваше воопшто за предложениот амандман.

Јавувањето на министерот во врска со процедурата беше за мене, а не за вас, бидејќи според процедурата јас требаше да кажам зошто е амандманот поднесен. Не пишува ни за стечајци, ни за СДСМ, ни за ВМРО-ДПМНЕ. Јас не го направив тоа мислејќи дека госпоѓа Филипова ќе се наврати кон амандманот.

Госпоѓа Филипова бара збор за контра реплика од една минута.

Повелете една минута за контра реплика на Горан Петров.

**Верица Филипова**: Благодарам.

Околу амандманот рековте дека е надвор од контекстот на амандманот мојата дискусија. Воопшто не беше надвор од контекстот на амандманот почитуван колега Горан.

Во Република Македонија над 25 години работен стаж, според веб страницата, има 6.200 луѓе од кои 5000 се група на стечајци. Токму 90% од луѓето со нерешен статус, со нерегулиран статус над 25 години работен стаж се групата на стечајците. Беше токму на место мојата дискусија, не се обидувајте да ја дефокусирате јавноста. Рековте дека 41 година старост, 25 години стаж. 41 минус 25, проста математика, дава 16. Дали луѓето тргнале на работа со 16 години старост?

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

На самиот почеток, за да не земам повторно збор, дозволете ми вам да ви се обратам. Навистина познато ми е дека лошите работи, за жал, полесно се воспримеаат од добрите, но не значи дека треба она што е лошо да го примите од претседателот, па и вие да коментирате после секој пратеник и затоа ве замолувам да не влегувате во материјална расправа, туку да си продолжите како што до сега си ја водевте добро седницата и си ја вршевте функцијата така да продолжите, се надевам дека после мене нема да коментирате.

Јас би сакала да дадам поддршка на овој амандман поднесен од почитуваните колеги, еве и јас сум еден од пратениците од претходниот состав, јас и тогаш седев овде само од другата страна и тогаш бев со стечајците и останатите кои беа невработени, секогаш бев со нив, ги примав и во мојот кабинет, бев и надвор со нив, се среќавав и сега сум со нив и понатаму ќе бидам со нив. И тогаш го имав истиот став и сега ќе го имам истиот дека да, на тие луѓе треба да им се помогне и да им се обезбеди, барем до некаде, пристојна егзистенција.

Тогаш, за разликаод пратениците од тогашната опозиција кои со крајно популистички дискусии ја злоупотребуваа оваа категорија на луѓе, јас нема да се служам со тоа се со една единствена цел бидејќи не сакам да го повредам нивното достоинство затоа што тие луѓе имаат достоинство иако можеби во онаа ситуација во која се наоѓаат немаат можност за еден достоинствен живот односно се на работ на својата егзистенција.

Токму поради тоа, почитувани колеги пратеници, сега се обраќам до вас затоа што веќе е доцна да дебатираме со министерот, министерот си го кажа своето мислење, кажа дека не го прифаќа амандманот и тука завршуваме, нема што повеќе да го разубедуваме почитуваниот министер, тој си има став, неговиот став е и став на Владата, тука е се јасно, на сите нам ни е познато.

Сега, почитувани колеги пратеници, вие сте на потег иако ве нема многу во салата во овој момент од парламентарното мнозинство особено пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, се надевам дека ќе ги повикате своите колеги да дадат поддршка на овој амандман како што тогаш пратениците од парламентарното мнозинство спротивно на ставот кој го имаше Владата и тогашниот министер за труд и социјална политика, гласаа и го изгласаа законот со доволен број на пратеници, Законот кој беше предложен тогаш од ВМРО-Народна партија и бараше едно решение за оваа категорија на граѓани затоа што, да не се лажеме, во оние невработени со над 25 години стаж влегуваат и стечајните работници. Не знам како ние би говореле одделно за едните, а како би говореле одделно за другите ако ова законско решение ја опфаќа и таа категорија.

Понатаму, слушнавме дека се создавале со активната политика на вработување и со мерките преземени ќе се направела можност за вработување. Па, почитувани колеги, еве сега имаме еден амандман кој е поразличен од законот кој беше предложен од ВМРО-Народна партија каде велеше пензионирање, сега нудиме односно бараме со овој амандман да се овозможи за сите оние кои имаат над 25 години работен стаж, да се обезбеди паричен надоместок, значи до наредното вработување.

Кога тие ќе се вработат тој паричен надоместок, значи со активните мерки на Владата која ги презема и како ефект од нивното деноноќно работење, очекувам да ги видиме многу брзо, значи уште подобро тие ќе бидат вработени, нема да има потреба да ги земаат овие пари кои ќе им бидат определени и ќе остануваат повеќе пари во Буџетот односно помалку ќе се одлеваат од Буџетот. Не гледам што е тука нејасно. Дај боже овие луѓе да се вработат, но иако тука ќе искажам едно сомнение дека многу малку, поготово од инвеститорите кои треба да ги привлечеме од странство со големиот број на министри без ресор, било кој од нив ќе вработи баш од оваа категорија на луѓе кои веќе имаат над 55 години живот и веќе она што можеле да го дадат како квалитетни работници, го дале со своето претходно работење.

Токму поради тоа, почитувани колеги, гледам дека после мене е почитуваниот колега Иван Анастасовски пријавен за збор, па очекувам, со оглед на нивната изјава односно на изјавата на неговиот лидер, дека ќе ги повика пратениците од

НСДП да дадат поддршка и со тоа многу брзо ќе го исполни ветувањето дадено пред камера од господинот Тито Петковски. Значи, еве ја можноста да го направи тоа и овој амандман да биде изгласан.

Јас би замолила да не се бавиме со минатото, гледам дека навистина пратениците од ДПМНЕ премногу се занимаваат со минатото вклучувајќи го Законот за празници кога со денови дебатиравме за минатото, па лустрацијата и т.н., не би сакала сега да ги потсетувам на нивните дискусии исто во минатото кога беа во опозиција што говореа за оваа категорија на луѓе, туку да се свртиме кон сегашноста и иднината, да собереме сили да го изгласаме овој амандман.

До колку и тоа не се случи, тогаш навистина, со оглед на тоа дека сличен ваков закон, разбрав од медиумите, е доставен до Владата, а најверојатно и до Собранието ќе стигне, тогаш да го изгласаме тој закон. Ако и тоа, почитувани колеги, не ви се допаѓа, тогаш дајте предложете вие да не биде дека опозицијата сака да собира ефтини поени, туку вие предложете закон, во тоа нека се вклучи Владата или можат и самите пратеници, ние пратениците од опозицијата ќе го подржиме и тоа се со една единствена цел навистина конечно на овие луѓе да им излеземе во пресрет и да им помогнеме, дали ќе биде тоа до пензионирање или како што вие кажавте, ќе повторам, со ваши активни мерки дај боже час поскоро да влезат многу инвестиции во Република Македонија, јас навистина посакувам што е можно поголем број на луѓе да се вработат и тогаш да не им треба овој паричен надоместок, ќе повторам, секако дека оние кои ќе треба да ги вработуваат ќе им требаат токму вакви работници. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, благодарам Роза што ме најави дека после вас сум јас за збор. Се јавив токму во тој правец да кажам зошто ќе биде поддршката, мојата поддршка на овој ваш амандман, мада едниот од предлагачите на почетокот отиде во друг правец и говореше за амандманот заведен под број 3, но добро е се вративме на амандманот под број 2 за кој дебатираме веќе половина час.

Зошто ќе го подржам овој амандман? Не затоа што ме повикувате вие и уште некои од пратениците, дека вчера изјавата на господинот Тито Петковски одела во тој правец, по повод прославата од една година од формирањето на Новата Социјал демократска Партија во Куманово, туку подршката ќе ја дадам за да кога излегувате со листинг надвор од овде и мафтате дека некој гласал или некој не гласал и се претставувате како спасители за да можете со тој листинг по повод овој амандман да го имате и моето име и презиме таму дека јас сум дал подршка на овој ваш амандман иако е тоа популистички, но, за жал, јас не знам кој ги организира сите тие  луѓе посебно од мојата општина, верувам дека притисокот на сите нас колеги пратеници овде во Собранието не е ист, знам дека голем дел од тие луѓе живеат на територија на општина Куманово и не верувам Роза дека вие сте имале повеќе средби од мене со таа категорија на граѓани, бидејќи вие сте во Скопје, затоа слободно со овој амандман и со листингот излезете и пак мафтајте и кажувајте дека еве и јас сум еден од тие како вас спасител на таа категорија на луѓе, а од друга страна јас би го замолил министерот иако седевме во овие клупи заедно во претходниот состав, навистина да изнајде решение да се реши веќе еднаш овој проблем на оваа категорија на граѓани во Република Македонија се со цел да не оставаме простор и понатаму да се манипулира со ова прашање.

Јас знам дека писмата кои се упатени на моја адреса, на мојата личност и заканите дека ќе се протестира пред мојата куќа во општина Куманово, пак се организирани од некои центри. Добро е што рековте да ги повикаме, еве и јас да ги повикам пратениците од НСДП да дојдат овде и да дадат подршка на овој амандман, но не е лошо и вие да ги повикате вашите пратеници, ако можете да ги најдете и новиот лидер кој е реформски определен да дојде овде и да даде подршка токму на овој амандман. Нема проблем. Заемно да си помагаме. Барем така разбирам. Не верувам дека тезата дека дебатите во Собранието кои ги водиме со тоа ни се качува или се спушта рејтингот на нас пратениците, тоа воопшто го нема, изгубено е и довербата во Собранието е изгубена, затоа еве ја давам мојата подршка во тој правец слободно мавтајте со листингот и повторно организирајте ја таа категорија на граѓани да дојдат да протестираат, а јас ќе ви го дадам писмото и содржината која е напишана на тие луѓе, затоа тоа се случи по повод прославата вчера во Куманово кога таа група дојде, имаше одредени правци како требаше да се одвививаат тие протести, но, за среќа, тоа помина во најдобра атмосфера и еве покрај тие најави што ги даде господинот Петковски, ова е втор аргумент да ви го дадам во рака да излезете и да мафтате со листингот и да се покажете како спасител, а и мене да ме ставите во таа категорија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам

Оливер. Спасовски, реплика од три минути, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван Анастасовски, излегов да се гледаме подобро.

Мислев дека навистина ќе кажете дека ќе го пдоржите овој амандман и впрочем решавање на проблемот на стечајните работници пред се заради писмото кое вашиот лидер господинот Тито Петковски го упати во време на предизборната кампања дека ќе го реши проблемот на стечајните работници и врз основа на многуте ветувања кои им ги дававте секој ден во Здружението во Куманово на УНИК, меѓутоа, ако вие подршката само заради тоа што ќе ве видат на листингот додека сте гласале за, а не искрено да им

помогнете, благодарам, не им треба ниту на тие луѓе таква подршка ниту на нивните семејства.

Мислам дека треба да бидете малку повеќе доблесни  и она што го говорите и за што се залагати и ветувате да си го исполнувате. Не ви беше поважен фудбалсикиот натпревар во Албанија, од судбината на овие луѓе. Заради тоа ве немаше на тој листинг тогаш да гласате ниту за ниту против. Ако бевте доблесни ќе останевте тука до крај ќе гласавте онака како што мислите, и притоа дали ќе мавта некој со листингот за или против, тоа требаше да го покажете на дело овде. А не дека основна причина заради тоа што ќе го подржам е листингот со кој што ќе мафтаат стечајните работници. Па тоа е јавен документ, јавно е гласањето што секој може да го види кој како гласал, меѓутоа, оној што ветувал и се залагал за решавање на таквите проблеми, а да избегнува гласање при нудење на такво конкретно решение, мислам дека е малку повеќе од лицемерно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Иван Анастасовски контра реплика, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам, кратко.

Извини Оливер заборавив да те спомнам и тебе, можеби листингот и тебе ќе ти користи кога одиш во Здружението УНИС за да ја организираш таа група на граѓани.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Роза Топузова Каревска, реплика од три минути, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Е, тоа почитуван колега е разликата помеѓу вас и мене. Токму во тоа е разликата што јас гласав во 2006 година, ќе повторам, и покрај тоа што тогаш Владата имаше поинаков став по прашањето на стечајните работници и останатите невработени со над 25 години стаж, јас и тогаш мислев дека е коректно од оваа држава да им излезе во пресрет на тие луѓе и дека тоа нема до толкава мера да го преоптерети Буџетот на Република Македонија за да не може да им се помогне на луѓето. Нагласив без популистички дискусии, единствено со една искрена поддршка. Значи, тоа е разликата. Јас тогаш  мислев така и сега мислам така и во иднина ќе мислам така.

Вие сега ќе дадете поддршка заради листингот, никој не мафта со листингот, тие луѓе ги следат овие седници и затоа не е добро, реков, за нив, не е добро за Република Македонија да ги злоупотребуваме, да кажуваме дека еве ќе гласам за да ме видите на листингот. Многу лоша порака праќаме почитуван колега. Апсолутно не е важно кој е на листингот кој не е, на листингот е најважно да се најде потребниот број на пратеници и да се изгласа законот, како што беше тоа минатиот пат, да го изгласаме законот. Тогаш ним апсолутно нема да им беше важно кој гласал, дали гласале пратениците од ЛДП, дали гласале од НСДП или од СДСМ. Ним е најважно овој закон или било какво законско решение веќе еднаш се изгласа во овој Парламент и до колку тоа не може да го направи Владата, еве имам разбирање, со оглед на ММФ, склучување договори и т.н., водење на една поширока политика, ние пратениците можеме да го направиме. Кога тоа еднаш ќе го направиме така ќе го вратиме достоинството на Парламентот, а не со тоа што ќе сме ги скрателе дискусиите на 2, 3, 1 минута или ќе сме имале право на реплика од неколку секунди. Така не се враќа достоинството. Достоинството се враќа кога пратениците, барем во една ситуација, ќе можат да се издигнат над мислењето на Владата, како што беше во 2006 година. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор  пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас се приклучувам на онаа група пратеници кои го подржуваат овој амандман со кој се обидува на невработеното лице кое има над 25 години стаж на осигурување, паричен надомест му се исплатува до негово вработување односно до настапување на некој од основите за престанок на правото на паричен надомест.

Мене ме изненадува тоа што оние кои беа најголемите гласноговорници во текот на изборната кампања, кои тогаш точно ја идентификуваа таа група на граѓани во смисла на стечајни работници, технолошки вишоци и т.н. кои во текот на кампањата точно знаеа за кого станува збор, сега наеднаш не се присутни во салата.

Оние што се присутни сметаат дека  не постои таква категорија на граѓани. Останатиот дел за жал, е апсолутно незаинтересиран, воопшто не го ни слушаше образложението на министерот за труд и социјална политика, туку напротив се смееја во салата, додека дискутираме за вакви сериозни прашања, затоа што се надевам дека  сметаат дека е дозволено се и е доволна целта да дојдат на власт, а потоа да се фокусираат не на суштинските прашања кои што ги ветуваа во кампањата, туку напротив,  на дезидеологизација на празниците, на скратувањето на правото на опозицијата да говори, затоа што сметаат дека опозицијата, чија што една од основните обврски ја има да ја корегира власта и да укажува и на нејзините ветувања и на мерките што ги презема или не ги презема, е најголемиот виновник, а не оние што се повикани да предлагаат мерки и да ги спроведуваат ветувањата кои што ги даваат.

Покрај тоа што не е во мојот стил, јас со оглед на тоа што се воведе таква пракса би повикала камерата да покаже во првиот ред од средината, каде што се првата петорка едни од носителите на листата најповикани да го реализираат она што го ветуваа на граѓаните, дека воопшто не се во салата. Не само што нема да го поддржат,  туку нема и да се изјаснат дали ќе го поддржат овој амандман. Би требало да дадат одговор како тоа наеднаш стечајните работници станаа таа група. Од каде се воведе наеднаш потребата за изобличување на дефиницијата на граѓаните кои што реално се соочуваат со овој проблем. И да ги разочарам моите колеги од парламентарното

мнозинство, воопшто не се чувствувам како дел од пратениците кои што се борат за пет минути слава со тоа што ќе го предложат овој амандман. Ниту пак спаѓам во онаа група пратеници, кои што не се обиделе во претходниот мандат да преземе нешто. Затоа што парламентарната пратеничка група на СДСМ во претходниот амандман имаше доблест и изгласа закон кој што помогна на одредена група на граѓани во врска со пензионирањето и покрај тоа што Владата имаше негативно мислење. Меѓутоа, јас за жал не можам да ги повикам моите пратеници од парламентарното мнозинство да го направат истото тоа со прифаќање на овој амандман, затоа што нив едноставно ги нема во салата, тогаш кога треба да дискутираме за суштинските прашања. Ниту пак мислам дека со денешната дебата ќе ќариме некој промил од процентите за рејтингот на СДСМ, затоа што реков ние и во претходниот мандат како пратеничка група го направивме истото и коегзистентни сме по ова прашање, за разлика од вас кои што додека бевте во опозиција зборувавте едно, а сега кога сте на власт зборувате друго. Укажувањата на министерот за труд и социјала дека сме различни кога сме на власт и кога сме во опозиција, јас го сфаќам токму насочено кон парламентарното мнозинство кое го изгласа да биде министер во Владата, затоа што се токму тие што ветуваа дека ќе го решат прашањето и на стечајните работници и на технолошкиот вишок и тн., само до колку ја добијат нивната поддршка.

Јас се прашувам сега што станува со преродбата во 100 чекори. Што станува со светлото во тунелот кој што го нуди оваа преродба, имајќи предвид дека ов е програмата по која што оди Владата, без разлика што ова е програма на ВМРО-ДПМНЕ, се приклучија тука и НСДП и другите партии кои што се во коалицијата. Се прашувам каде е господинот Тито Петковски, кој што треба да биде во овој момент во салата и да каже и да соопшти дека нема влијание кај неговите коалициони партнери да ги убеди дека едно вакво решение треба да се прифати. Дека нема влијание и дека попусто стечајците доаѓаат кај него да го повикуваат заради неговото предизборно ветување дека ќе го реши нивниот статус, затоа што неговото влијание во Владата е минорно. Затоа што не е ни консултиран за некои прашања, не е ни запознаен, а камо ли консултиран за некои прашања. Јас се прашувам од кои причини господинот Иван Анастасовски ќе го поддржи овој амандман, кога апсолутно нема никакво влијание. И тоа, само заради листингот. Само за да се каже дека господинот Иван Анастасовски го поддршал овој амандман и со тоа ја завршил својата работа. Не, неговата одговорност е многу поголема.

Прво, затоа што е член на партија која што е во Владата.

Второ, затоа што е член на партија која што дала ветување во текот на предизборната кампања и врз основа на тоа ветување добил извесен број на гласови.

Трето, затоа што е пратеник и потпретседтел на Собранието и би требало да има поголемо влијание по дефиниција, да ги убеди неговите колеги пратеници од парламентарното мнозинство дека овој амандман кој што треба да се прифати, без разлика на мислењето на Владата. Затоа што на тој начин, ќе бидат вистински претставници на граѓаните, и затоа што на тој начин ќе покажат како пратеници дека имаат слух за проблемите на граѓаните и за нивното решавање.

Јас не се согласувам дека треба да чекаме некаква анализа. Да, анализа не велам дека не е потребна, меѓутоа, не се согласувам потребата од анализа да биде главниот изговор во овој случај. Претходниот закон предложен од ВМРО-Народна партија не беше изгласан под изговор дека не бил во согласност со Уставот. Сега кога имаме решение кое што е во согласност со Уставот, наеднаш, имаме нови аргументи зошо не треба тоа да се прифати. Наеднаш анализата е проблем, наеднаш е проблем што некој им различни ставови, а тука поготово се однесува на ВМРО-ПДМНЕ и коалиционите партнери. Кажете барем отворено дека ова ветување што го дадовме во текот на изборната камапања не можеме да го исполниме. Немојте да ги подгревата очекувањата на граѓаните. Она што најмалку би сакала да се случи е ова да се сфати како правење на некаков маркетинг на грбот на граѓаните. Тоа не е точно, затоа што реков ние бевме коегзистентни постојано и во претходниот мандат кога бевме на власт и сега кога сме во опозиција. Ставот го менувате вие и за тоа би требало да се засрамите. Затоа што вие бевте тие кои што правевте маркетинг на проблемите на граѓаните, на грбот на граѓаните, на грбот на стечајните работници, кои што сега не сакате да ги примите ни да разговараат со вас, а камо ли да им го решите прашањето.

Јас сметам дека во Буџетот на Република Македонија има доволно средства со кои што би можело да се реализира до колку овој амандман се прифати. Не можам да прифатам дека политиката на Владата е повеќе загрижена за исплаќањето на кредити на трошоците за одржување на имотот во странство на функционерите, кои што дојдоа од странство да бидат министри, заменици министри, за да бидат директори на претпријатија, или директори на агенција за странски инвестиции. Не можам да прифатам дека Владата и парламентарното мнозинство прифати да плаќа за трошоците на нивното живеалиште во странство и нивното одржување, а да не може да прифати средства со кои ќе се исплаќа паричен надомест на лицата до нивно вработување кои што имаат над 25 години стаж. Не мислам дека треба да инвестираме во кампања 100 дена влада и да фрламе пари за тоа со енормни суми, без воопшто и пред пратениците да кажеме колку тоа навистина чинело, а да речеме дека нема средства за овие луѓе. Тоа е типична хипокризија на Владата и на парламентарното мнозинство. Владата треба да каже и на парламентарното мнозинство, бидејќи ја поддржува, зошто е поприоритетно да ги финансираме од Буџетот овие проекти на Владата,

а зошто не е приоритетно да го решиме проблемот на стечајните работници. Она што го барам од парламентарното мнозинство во најмала рака е да го следи примерот на нашето парламентарно мнозинство од претходниот мандат кога го изгласавме Законот кој што навистина помогна на многу луѓе во еден период. Тоа е најмалку што граѓаните очекуваат од нив, бидејќи се пратеници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Љупче Мешков:** Не мислев на почитуваната колешка да и реплицирам, меѓутоа, ме спомна и затоа морам да реплицирам. Јас кога кажав не мислев на власта, мислев на сите оние кои што во еден момент кога биле опозиција или кога биле на власт, тогаш зборувале едно, сега зборуваат друго. Не реков јас на власта, таа сакаше тоа да го насочи кон власта. Меѓутоа, без оглед на тоа, сакам да напомнам дека бројот кога спомнав зошто се дискутира само за стечајците, не случајно, заради тоа што бројот на невработените лица и евидентирани во Агенцијата за вработување со над 25 години стаж е 34 илјади 236 невработени лица.А над 55 години без оглед на стажот се 24 илјади 550 лица. Ако сте сакале да го решавате прашањетоп за стечајците, тогаш сте требале да предложите стаж со старост, за да бидат шест или седум илјади колку што вие велите. Инаку со над 25 години се 34 илјади 236 невработени лица. Кога зборувате за коегзистентност во однесувањето, не можам да кажам дека сте коегзистентни, ако сте предлагале на три пати додека сте биле на власт одредени решенија, од кое ниту едното не било онака како што сега предлагате. Значи, враќање на старото решение, а имајќи предвид дека и вие како партија, како влст во претходниот период исто така сте придонеле во продукцијата на оваа категорија невработени луѓе. Значи ако сега се залагате за таквото решение, се разбира дека тоа е многу лесно, лесно или тешко без разлика, сте можеле да го направите и порано, а сте предлагале други рестриктив ни решенија, но не враќање на старопто решение кое ќшто сега го предлагата. Значи ние како Влада креираме политика и предлагаме политика. Вие како Парламент ќе ја прифатите или нема да ја прифтите, ќе гласате се разбира. Според тоа, оваа Влада се определила прашањето на невработеноста, не само заради средствата и заради овие бројки знаете дека тие средства не се мали што се потрошиле, Меѓутоа, се работи за принципиелно решение на ова прашање и оваа Влада се определила стратешки на подолг период со остварување на одредени показатели кои што ги има зацртано како макроекононмска политика во наредниот период да оствари борба против овој горлив проблем, против невработеноста. Вие се сомневате во таквите мерки, се разбира тоа е ваше право и ќе видиме колку тие во наредниот период ќе бидат успешни, а колку не. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има пратеникот Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре не реков јас дека вие рековте за власта. Меѓутоа, коментирав дека вашиот коментар за однесувањето на власта и опозицијата во овој случај се однесува на парламентарното мнозинство и на власта, затоа што токму вие во овој случај се однесувате така. Вие им ветувавте на луѓето дека ќе им го решите проблемот во текот на кампањата кога бевте во опозиција, сега наеднаш велите кое решение да го понудиме, не е ова решението, треба коегзистентни мерки. А во меѓу време ни кажувате дека ако сме сакале да го решиме проблемот на стечајците кои меѓу другото се дел од граѓаните кои се опфатени со амандманот, дека требало да го кажеме и стажот, а не само годините. Ве прашувам, ако веќе го знаете решението, зошто не го предложивте. Цело време не убедувате дека во глобалните политики е решението, а сега наеднаш ни кажувате дека ќе имате конкретно решение. Кажете го конкретното решение тогаш. Благодарм.

**Бесим Догани:** За реплика се јави рпатеник Веле Митановски. Повелете.

**Веле Митановски:** Благодарам потпретседателе. Немав намера да зборувам, чисто сакав мирно да го гласам амандманот, меѓутоа, неколку пати беше спомната пратеничката група НСДП, па бидејќи јас сум од НСДП ќе ми дозволите два-три збора да кажам, иако не сакам да изигрувам адвокат на луѓето што се спомнати конкретно по име, сами ќе одговорат.

Од мој аспект колешке и колешки и колеги, поддршката не е прашање на политичко калкулантство и ситно печалбарство, поддршката барем во случајот на НСДП и моја е чисто идеолошка определба и прашање како што вие велите, на политичка коегзистентност. Поддршката за мене лично е прашање на коегзистентност од аспект на изборната програма на НСДП и самата кампања на НСДП, односно моето учество во неа, односно во кампањата. Сега кој како гласал за волја на вистината ќе ви кажам дека ставот на пратеничката група беше да се гласа по сопствено изнаоѓање, што е загарантирано уставно право. Некои беа тука некои не, гласаа онака како што гласаа. Кога гласале претпоставувам ги имале предвид оние одредници за кои што јас пред малку говорев, значи одредниците на НСДП, за она што јас се залагам, а што се однесува лично до мене дадов поддршка кога бев во името на НСДП на кординацијата, односно заедничката средба со стечајците, го гласав Законот на ВМРО-Народна партија и како што почнав ќе го гласам вашиот амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Воопшто не е прашањето дали некој поединичнмо ќе гласа. Прашање е на политика. Јас кога зборував за коегзистеност, зборував за коегзистентност на политиката на пратеничката група која што во претходниот мандат поддржа закон за кој што Владата имаше негативно

мислење и за тоа имам право да зборувам за политичка коегзистентност во таа смисла. Друго е прашањето. Прашањето е што НСДП може лесно да каже ние ќе гласаме за амандманот и со тоа да се обиде да ги измие рацете пред стечајците. Прашањето е што НСДП како дел од владината коалиција треба да влијае на политиката и да ги убеди останатите да гласаат за амандманот. И тогаш ќе зборуваме за вистинско влијание во нивната коалиција. Вака се само бројка.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика има госпоѓа Анета Стефановска. Повелете.

**Анета Стефановска:** Јас сега ќе го цитирам амандманот на госпоѓата Грковска и неколку други. На невработеното лице кое има над 25 години стаж. Значи не е нити прецизирано колку точно треба да има стаж. Над 25 години стаж, не е конкретизирано што значи.

Друго, наместо да се држи госпоѓата Грковска до темата на амандманот, таа со својот тон на гласот и ароганцијата со која искажуваше невистини треба да знае дека нема да и помогне со тоа да го крене рејтингот на нејзината партија. Владата точно си оди по планот од програмата која што ја зацрта, а внатре ниту во еден момент нема нешто што е зацртано посебно за стечајците.

Бидејќи таа постојано кажува невистини, сакам да ми извади извадок од Програмата каде ние имаме ветено посебно за стечајците дека ќе го решиме проблемот како посебна категорија. Планираме како Влада да го решиме темелно овој проблем, а не само да ставаме пепел во очите на луѓето како што тие ставаат. Нели, почитувана колешке, до пред 5-6 месеци вие бевте на власт. Зошто ако сте толку загрижени не го решивте проблемот, туку сега изигрувате загрижена госпоѓица која сака да го реши проблемот на стечајците. Навистина е многунепријатно што си играте со чувствата на луѓето. Да, и сега се смеете иронично и навистина многу ми е непријатно и што ве гледам и што ве слушам, верувајте.

Заради тоа, ве молам, понатаму покоректно да се однесувате, бидејќи самата си го туркате рејтингот и рејтингот на овој законодавен дом. Навистина мислам на тоа што вие по струка сте, наставен кадар, колку што сум информирана и не ви доликува едно вакво однесување. Нема што да се смеете, јас мислам дека воопшто ништо не беше смешно од она што го кажав. И уште ли сакате да ви веруваат граѓаните, кога вие до пред 5-6 месеци, повторувам, бевте на власт. Значи амандманот што го барате е едно, а она што го кажувате е ваш политички маркетинг кој што навистина нема да ви помогне да го кренете рејтингот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓата пратеник не ме слушала воопшто внимателно. Јас реков дека со моето зборување воопшто немам тенденција да го зголемам рејтингот на мојата партија, не чувствувам никаква потреба за тоа, затоа што прашањето е пресериозно за да го сведеме на тоа. Се надевам дека мојата колешка е свесна за тоа. Меѓутоа, ако веќе зборуваме кои пратеници на кој начин го намалуваат рејтингот на парламентарниот дом, тогаш би требало госпоѓата да се замисли, затоа што во овој момент токму таа ја девалвираше институцијата пратеник, тврдејќи дека планираме како Влада- понатаму да не продолжувам. Пратениците не се адвокати на Владата и на министрите, туку на граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Анита Кипаризовска-Крстеска.

**Анита Кипаризовска-Крстеска:** Благодарам потпретседателе.

Во врска со зборот од почитуваната колешка госпоѓица Славица Грковска би кажала и јас неколку зборови. Имено, на почетокот на нејзиниот говор не ми беше јасно дали таа зеде збор за да реплицира на вашиот говор господине потпретседател, затоа што често пати го спомна вашето име и НСДП, или пак сакаше да каже нешто за поднесениот амандман.

Инаку, би кажала и јас дека често пати, колку што знам таа е заменик координатор во пратеничката група СДСМ, инсистира токму на процедурата, но исто така процедурата треба да ја почитуваме сите и како што важи за нас процедурата од ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партии, така треба да се однесува таа процедура и да важи и за колегите од СДСМ и од другите пратенички групи. Сите треба да зборуваме токму за амандманот, а не да зборуваме и да се обидуваме да величиме политички и маркетнишки поени. Дали и што за конзистентноста на нивните ставови говорат стенограмите, така што не би се повторувала и јас, со оглед дека претходните дискутанти и министерот за труд и социјална политика кажаа. Меѓутоа, јасна е конзистентноста.

Исто така, и за хипокризијата за која зборува колешката Славица Грковска, би кажала дека постои таа хипокризија, меѓутоа, хипокризијата никако не ја сметам кај Владата на Република Македонија, туку ја гледам на некое друго место. Не би сакала да спомнам кај кого ја гледам, затоа што самите сигурно ќе се препознаат, меѓутоа, едно е факт: Навистина се чудам цело време како може некој, не би сакала да повторувам, оној кој ги донесе сите овие работници, сета оваа група на луѓе до овој степен до каде што се донесени, се обидува и понатаму да ги манипулира. Тоа е навистина чудно и до ден денес не можам да сватам како и до каде ќе може да оди оваа хипокризија.

Околу тоа дали треба или не треба да се инвестира и околу плановите на Владата, јас би спомнала дека еден од начините на кои сигурно може да и се помогне на оваа категорија е поддржување на инвестициите и една од мерките со кои навистина, доколку се сака, доколку се има сериозна волја може да се помогне. Се разбира дека Владата има таква волја и ќе може да им се

помогне на оваа категорија граѓани, но не со поднесување амандмани од дневнополитички карактер или поддржување на некои закони кои се предложени само за да се соберат ситни политички и маркетиншки поени. Сметам дека на овој начин никако нема да им се помогне и не смее да се заработува на маката на оваа категорија граѓани. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас не знам зошто воопшто се врзува одредена политичка гарнитура за стечајците. И покрај тоа што не сум приврзаник на рубриката “ Да се потсетиме”, морам да кажам дека во текот на 4- годишното владеење на ВМРО-ДПМНЕ од буџетски пари се купуваа фирми на името на ВМРО-ДПМНЕ, печатницата “Гоце Делчев” се затвори, луѓето се наулица токму заради тоа што партијата со буџетски пари си купуваше фирми и ги остави луѓето без работа и меѓу другото, и тие се во оваа категорија на граѓани. Меѓутоа, јас се прашувам како не мислевте дека ваквото прашање е од дневно-политички карактер во текот на кампањата? Кај ви се носителите на листи од првиот ред кои знаат да ги повикуваат другите да седат на седница, а сега ги нема, избегаа во моментот кога почнавме да дискутираме за ова прашање, затоа што немаат што да кажат, затоа што знаат дека се класична хипокризија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине министер, почитувани пратеници,

Јас како предлагач на овој амандман сакам да земам учество во расправата се со една единствена цел, ако може да им се помогне на овие луѓе кои се наведени во амандманот. Беа искажани повеќе работи, меѓутоа, можам да кажам дека не се работи за маркетинг, ниту некоја политичка партија ќе изгуби, ниту некоја политичка партија ќе добие доколку овој амандман се прифати или не се прифати. Ако се прифати амандманот, можат да добијат многу граѓасни на Република Македонија, ако не се прифати тие граѓани ќе останат со голготата која што ја трпат до денес.

За што се работи во овој амандман? Се работи за луѓе кои имаат над 25 години стаж на осигурување. Во оваа група на луѓе спаѓаат и стечајните работници. Меѓутоа, што се бара од амандманот? Од амандманот се бара да се врати старото решение кое беше до 31 март 2000-та година, време во кое владееше ВМРО-ДПМНЕ. Не би навлегувал во тоа зошто овој закон е изменет и дополнет со друг закон, меѓутоа, сметам дека е време да се врати законот во првобитното решение се со цел да им се помогне на овие луѓе. Доколку Владата имаше слух за законот за стечајните работници поднесен од ВМРО-Народна партија, оваа бројка која што ја спомна министерот мислам дека ќе беше намалена барем за 6.000. Меѓутоа, таа бројка останува и денеска.

Чудно ми е како Владата на Република Македонија не направила проценка за финансиската инплементација на овој амандман. Министерот за труд и социјална политика едноставно ни кажа дека амандманот не се прифаќа. Дали како што излезе со бројките дека 34.263 луѓе се во таа категорија, дали имаат направено структура по старост, колку луѓе се до пензија, на колку луѓе им фали година, две или три, колку да биде тој паричен надомест. Сметам, доколку имаше едно образложение од страна на министерот за труд и социјална политика, кое решение ќе беше понудено и кажано тука, ова попладне немаше да го уптребиме во расправа за еден амандман. Меѓутоа, знаеме дека решенијата се останати некаде далеку зад нас. И во дискусиите за Законот за стечајни работници поднесен од ВМРО-Народна партија и за денешниот амандман не добивме ниту едно конкретно решение од Владата на Република Македонија, односно добивавме одговор само дека проблемот ќе биде решен. Кога, како и на кој начин, за сега тоа никој не го спомнува. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас сум еден од предлагачите на овој амандман и чесно е да проговорам за нив, за луѓето со над 25 години работен стаж. Во оваа категорија ги сметам и стечајците, бидејќи токму и тие припаѓаат тука.

Што беше целта да го поднесеме овој амандман. Единствено да дадеме едно издржано решение за да можеме да помогнеме да се реши проблемот на поголем број луѓе на ниво на нашата држава. Кога можевме ние да дискутираме за празниците со денови и денови овде, мислам дека овие луѓе заслужуваат да зборуваме за нивната судбина. Но за жал, ве замолувам потпретседателе, само камерата да покаже за да видат луѓето колку сме овде во овој собраниски дом и колку сме загрижени за нивната судбина.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи сте загрижени, ве молам останете на дискусијата по амандманот, немојте со камерите да манипулирате, продолжете.

**Благородна Цветковска:** Се извинувам, конкретно се држам токму на амандманот. Воопшто не свртувам од темата, бидејќи сум еден од подносителите од она што барам. Затоа, ве замолувам, не ме спречувајте во моето излагање.

Вината за ваквата положба на луѓето е во самиот транзиционен период на Република Македонија. Овие луѓе не се виновни за лошото менаџирање на нивните компании, ниту за лошите државни

решенија во врска со истите, а имаат право како сите граѓани на оваа земја сосема рамноправно да ги уживаат поволностите што им ги нуди системот на државата. Затоа, од хуманитарни причини на овие луѓе треба да им се реши проблемот. Затоа и ги поднесовме овие амандмани, сметајќи дека владеачкото мнозинство ќе најде разбирање и ќе даде целосна поддршка да го решиме еднаш за секогаш проблемот на овие луѓе. Со 25 години работен стаж овие луѓе не се во состојба да најдат нови вработувања, бидејќи се бараат помлади работоспособни луѓе и затоа мислам дека треба да не се играме со судбината на овие луѓе, туку да најдеме одговор на ова прашање.

Јас имав поставено минатиот месец пратеничко прашање што со статусот на стечајните работници. Да не го читам одговорот, бидејќи во таа категорија на луѓе со над 25 години работен стаж-јас го добив одговорот од господинот министер што е присутен овде, можам и да го прочитам пред сите за да го слушне и јавноста. Во Крива Паланка веќе сите го знаат одговорот за стечајците што се нуди, бидејќи и тие се во оваа категорија луѓе, и во Штип и во сите делови на источна Македонија. Тие таму се најзагрозени, верувајте, тешка е судбината на овие луѓе. Да не се смееме и не дај боже некој да се најде во нивната положба. Кој не почувствувал на своите сопствени плеќи, само тој не знае што значи да бидеш стечаен работник.

Би поставила едно конкретно прашање: Што планира Владата?

Потпретседателе, ваквите работи многу смешно ви изгледаат, многу несериозен сте кога ве гледам од оваа страна. Покажете голема сериозност бидејќи . . .

**Иван Анастасовски:** Што ви пречам сега јас?

**Благородна Цветковска:** Се смеете.

**Иван Анастасовски:** Јас се смеам? !

**Благородна Цветковска:** Вие се смеете, јас гледам.

**Иван Анастасовски:** Нема врска, продолжете.

**Благородна Цветковска:** Не знам.

Вашата коалиција верувам дека е единствена, парламентарно мнозинство, како со ветувањето така и со разрешување на сите проблеми. А како, не можам да се изначудам, како слободни стрелци сите дејствувате и секој пишува кој што сака. НСДП едно, во “Вест” НСДП пишува друго, овие негираа друго. Што е ова? Дури не може човек да се начуди. Дајте овие луѓе што не опкружуваа пред две недели, немојте да правиме парада од нив само да доаѓаат пред Собранието овде. Дајте да го решиме еднаш за секогаш проблемот, да ја ублажиме формата. Знам дека сите имате желба да го решиме нивниот проблем, но треба да се најде решение. Јас дури не можам да се изначудам, на писмото што почитуваниот претседател Стојков на Здружението на стечајните работници со над 25 години работен стаж, како им се обраќа претседателот, лидерот на НСДП. Не знам дали има потреба да го читам ова, меѓутоа, не можам а да не прочитам затоа што навистина треба да знаат сите стечајци.

“Вашиот проблем ние внимателно го анализираме и дојдовме до становиште дека актуелната Влада тоа ќе го реши. Нашата изборна програма на парламентарните избори 2006 година беше направена откако вие ги започнавте преговорите со Владата на Република Македонија, односно нејзиниот претседател Владо Бучковски. И вие самите изјавивте дека проблемот ќе биде решен. Иајќи го ова предвид, ние проблемот не сакавме да го ставиме во нашата изборна програма. Со оглед на тоа што ни се обраќате и сакате писмено да ве известиме, тврдиме дека проблемот може да биде решен единствено со донесување закон за сите работници што имаат над 25 години работен стаж, а не работат, бидејќи се стечајни работници, или поради други причини. Во законот ќе инсистираме сите тие да добијат пензиски надомест, велиме надомест бидејќи поголем дел од нив предвидуваме да бидат повторно вработени до остварување право на вистинска пензија во висина што ќе ја утврдиме низ разговорите, но не помала од 60% од пензиската плата што ја предвидуваме со нашата програма во износ од 8.000 денари. НСДП ќе се залага и ќе ги реализира проектите за почитување на трудот, како и социјалната праведност на сите граѓани во Република Македонија. Ако ви се потребни поопширни образложенија, подготвени сме да разговараме”.

Значи, разговор прифаќате, а не смеење. И, да не читам понатаму одговор, бидејќи во одговорот на писмото што ми е испратено од почитуваниот министер господинот Мешков, каде се луѓето над 25 години работен стаж, а тука се и стечајните работници, вели: предлогот за стекнување право на старосна пензија, само со навршен пензиски стаж ќе предизвика штетни последици врз единството на системот на пензиско и инвалидско осигурување. Нарушување на процесот на имплементација на реформите и негативните финансиски импликации врз Буџетот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување. Буџетот на Република Македонија, како и врз тековното и редовното остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување. Министерството за труд и социјална политика смета дека статусот на оваа категорија на работници, треба да се решава во рамките на политиката за вработување, преку активните мерки за вработување. Тоа ми се допаѓа, но, еве ние нудиме амандмани за да помогнеме на некој начин колку сме моќни за да можеме заеднички да го решиме проблемот на оваа група, која е навистина голема на ниво на Македонија. Посебно, зборувам за источниот дел на Македонија, бидејќи таму ситуацијата многу добро ја познавам и тие луѓе нема од каде да егзистираат, да живеат, посебно градот од кој потекнувам, од Крива Паланка, па единствена егзистенција им беше границата. Сега, откако Бугарија веќе е членка на Европската унија, замре и тоа. Нема фабрики, се е затворено, се е во колапс и тие се пуштени на милост и немилост.

Затоа, најчовечки, наместо овде да се потсмеваме, овде најчовечки да размислиме за судбината на овие луѓе и да најдеме заедничко решение да го решиме проблемот. Еве нудиме решение, бидете доблесни, прифатете ги нашите амандмани што ги нудиме. Мислам дека тие се доста исцрпни или пак во нив ние бараме враќање на она старо решение. Мислам дека тоа е единствен начин со кој можеме да им помогнеме. Некој од овде спомна дека, не ми е пријатно да го кажам, не е присутен во салата, па затоа не спомнувам име и презиме, но мислам дека е член на НСДП и рече дека ова за СДСМ е ситно печалбарство. За жал, печалба од ова нема. Никој не можеме да спечалиме од ова, да се разбереме. Видовте кои бевме присутни пред Собрание и како разговараа стечајците. Едноставно бараа помош од сите нас, бидејќи во предизборната кампања премногу ветивме, ветувавте, па затоа дајде да им го решиме проблемот. Ве замолувам, овие амандмани заеднички да најдеме доблест да ги прифатиме. Да најдеме најбезболно решение на овие луѓе кои чекаат. Инаку, не чекаат уште поголеми проблеми. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник госпоѓица Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, сакам да ви укажам дека сите пратеници во овој собраниски состав имаат подеднаков третман. Влатко Ѓорчев и госпоѓа Благородна Цветковска се пратеници во овој мандат и ако веќе направите преседант и дозволите господинот Влатко Ѓорчев да си игра режисер и да ги насочува камерите во ова Собрание каде што ќе посака и кога ќе посака, тогаш ќе дозволите и други пратеници да го користат тоа право и вие нема да имате право да им го ускратувате истото на останатите пратеници. Затоа, ви укажувам во иднина, бидејќи сега не и го дозволивте тоа на госпоѓата Цветковска, друг пат да бидете повнимателни кога некој пратеник ќе изрази некоја желба, мислам на некој пратеник од парламентарното мнозинство, ќе изрази некоја желба да направи нешто во Собранието, какви консеквенци ќе има тоа понатаму. Затоа што еднаш прекршен преседан, веќе станува правило. Тоа правило нема да имате право да им го скратувате. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ова, иако не е процедурална забелешка, јас ниту на Влатко Ѓорчев сум му дозволил такво нешто, ако мене веќе ми се обраќате, па затоа не дозволив ни на колешката тоа да не го работи. Значи, тоа не можете мене да ми го препишете и јас не сум дозволил на Влатко Ѓорчев, апсолутно стојам зад тоа. Затоа, јас реков дека тоа не е некоја ваша процедурална забелешка, но прифаќам дека е адресирано до мене, јас тоа не сум го направил. Сега? Баравте објаснување од мене. Јас ви дадов објаснување.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Се јавив по втор пат по однос на амандманот, се со цел да се обидам да објаснам и да одговорам на некои дилеми кои што беа од страна на министерот и на владеачкото мнозинство изнесени како контра аргументи да не го поддржат овој амандман. Во нашиот амандман стои дека “ на невработено лице кое има над 25 години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување односно до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок”. Сега, министерот она што прво се обиде, тоа е да каже дека не се однесува само на стечајните работници и дека се однесува на сите оние што имаат над 25 години стаж. Да, точно е, меѓутоа тоа го направивме од две причини. Првата причина е што вкупниот број на лица, значи оние кои што имаат над 25 години работен стаж, сметаме дека го достигна максимумот и врз основа на оние податоци што ги читав од официјалната страна на Министерството за труд и социјална политика дека за една година од ноември до ноември се намалил за повеќе од 8.000, добро е да се врати старото решение како во Република Македонија, бидејќи социјалните проблеми се големи, што поголем број на лица да остваруваат паричен надоместок.

Втората причина, поради која што предложивме амандманот е таа што во претходната расправа беше еден од главните аргументи на министерот и на парламентарното мнозинство дека не можеме да создаваме посебна категорија на граѓани во Република Македонија, која што Уставот или законот не ги познава, а тоа се стечајните работници. Значи, тогаш држеше аргументацијата да не правиме посебна категорија, сега наеднаш аргументацијата, зошто не е само за стечајците. Е, сега кога е правилно? Кога се искрени Владата и мнозинството? Како да го бараме решението? Не може зависно од тоа каков закон се предлага да се кажуваат различни контра аргументи, еднаш дека не може на посебна категорија, втор пат дека зошто не се однесува само за тие, ќе го прифатевте. Мислам дека сите носиме одговорност за своите постапки и дека не треба така да дискутираме. Нека се каже. Прашавме и пред почетокот на расправата по амандманите, дали, како и кога ќе се реши прашањето на оваа група на граѓани. Никој не излезе со одговор.

Исто така би сакал да прокоментирам околу политичкото лицемерие и аргументите кои што се употребуваат дека претходно некој друг не го решил прашањето, и тоа е главната аргументација дека сега, што барате вие, па зошто од нас барате да го решиме. А што е тоа ако не е политичко лицемерие. Едно да зборуваме пред избори, друго да кажуваме после изборите. Што е тоа, конзистентна политика? Одговорно владеење? Совесност, одговорност пред граѓаните? Политичко лицемерие, ништо друго. Е, како сега нас ќе не обвинуваат, нека излезат со решение, нека кажат, ние планираме вака и вака, ќе го решиме прашањето за оваа група на граѓани или нема да го решиме. Тоа што го велевме, го бараа граѓаните од нас не можеме да го исполнеме.

Покоректно е така отколку да напаѓаат дека некој друг е виновен за нерашање. Значи, од 5 јули одговорноста за состојбите во Република Македонија ја има владеачкото мнозинство, коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и другите партнери, и од тогаш наваму се што е за случај во Република Македонија се одговорни тие. Тоа што правел СДСМ и како правел, на 5 јули граѓаните кажаа, не се слагавме, дадовме доверба на другите. Ние носиме одговорност за нашето владеење, меѓутоа вашата одговорност е малку поголема и треба да научите да се носите со тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика министерот за труд и социјална политика.

Повелете.

**Љупче Мешков:** Никако да се разбереме. Јас постојано укажувам што е политиката на Владата и како мисли да го решава проблемот со стечајците, господинот пратеник постојано повикува кажете па кажете како ќе го решите овој проблем.

Вие господине Марјанчо видовте во текстот на Законот некаде одредба каде што Владата предлага измена на условите за паричен надоместок? Таква одредба нема и според тоа ставот на Владата и пред две или три недели сега треба да ви биде јасен. Вие како пратеник предлагате амандмани и сосема легитимно дискутирате за амандманот, но еве, на македонски зборувам, по стоти пат, Владата има политика, генерално со активни политики и со стратегија во наредниот период да го решава прашањето на невработеноста за сите невработени категории во Република Македонија. Значи, не посебно за една категорија, зашто решавајќи ја едната доаѓа друга, па доаѓа трета, па доаѓа четврта, според тоа, ние како Влада сме се определиле така да го решаваме прашањето. Дали е исправно или не, ќе покаже времето. Јас ниту со мојата дискусија го бранат, ниту го напаѓам вашиот став, јас само го искажувам ставот на Владата, која е стратегијата и кој е начинот Владата на Република Македонија да го решава ова прашање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на министерот.

Сметам дека после ова ставовите се појасни и мислам дека требаше ваквиот став на Владата и на мнозинството да го каже пред да почне амандманската расправа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Грозданов Цветко.

Повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе се осврнам на претходниот дискутант. Она што го искажа се гледа дека нецелосно ја следел, или не добро ја сфатил дискусијата од предлагачот, така да на крајот на редоследот, како што дојде повторно да се јави за збор после излагањето на министерот, наумил или сфатил дека сето тоа ќе биде добро кога граѓаните нема да бидат поделени и нема да се делат. Значи уште на почетокот беше кажано дека кај нас овој предлог на закон го посматраме за сите оние граѓани кои што останале без работа, без разлика дали е тоа стечаен работник, дали е технолошки вишок или по некоја друга случајнот или по сила на други нешта останал без работа.

А тоа околу лицемерието, ќе напомнам само дека не знам од кога, онаа народната што е “Волкот влакното го менува, наравот не”, тука станува збор за едно изнесување или видување кое што претходно кога имала можност СДСМ да го решава ова прашање не го решила, и се изјаснила точно спротивно од она што денеска и самите тие се декларираат дека сакаат да го решат денеска во Собранието.

Не станува збор кој на кого му носел сендвичи, затоа што при последната посета знаеме кој на кого му носел сендвичи, знаеме и точно колку автобуси од Охрид патувале, кој ги организирал и кој ги платил. Значи, да не го залажуваме народот затоа што и тој самиот знае кој и како ги подбуцнува. Ние сакаме ова прашање да биде решено засекогаш. Да го затвориме ова прашање. Во нашата предизборна програма никаде не кажавме дека овој случај поединечно ќе го решаваме и ќе им овозможиме подобри услови на стечајците или на технолошкиот вишок или на луѓето кои што останале без работа. Владата на Република Македонија точно и децидно укажа дека ќе се залага за отворање на реални работни места во кои што во Република Македонија секој ќе може да биде вработен и секој ќе може да побара одредено вработување кое што нема да биде фиктивно, и нема да вработиме за една година, 6 месеци или било колку време па подоцна да остане повторно на улица. Не би сакал да се осврнувам затоа што и времето е кратко на она што е статистиката, која би ја направиле да видиме колку од овие луѓе би биле и работоспособни и понатаму би остварувале можност да бидат вработени во одредени институции, и нормално, не би биле на товарот на државата. Нормално, и тие не сакаат да бидат на товарот на државата, затоа што сакаат да допринесуваат во оваа држава, сакаат да бидат даночни обврзници и да си плаќаат како сите нормални граѓаните. Затоа ние треба со еден реформски курс да зборуваме околу она што се економските реформи за да им овозможиме подобро утре на сите нив и на оние кои што следат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, прво да кажам дека Здружението на стечајни работници пред се она што е од Велес, со кои што имам контакти, не се претставници на ниту една политичка партија и ниту една политичка партија нема контрола над нив без разлика кој како

мисли и зборува овде и правиме штета на тие луѓе што политички ги легитимираме и сакаме да ги ставиме под влијание на одредена политичка групација. Е, сега би го прашал господинот кој што ми реплицираше, дали тој имал средба со стечајните работници и овие мерки на Владата им ги објаснил директно, бидејќи од средбите што ги имаме ние тие не се слагаат со тие мерки и се повикуваат на она што тие им го ветувале пред изборите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Витанов Зоран, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Значи, навистина ако некој човек упадне во Собранието а нема никаков континуитет што се случува во економијата во Република Македонија, се мисли дека 16 години владее актуелнава владеачка гарнитура а дека прв пат новоформирана е оваа коалиција и дека затоа сега тие секојдневно не бомбардираат дека проблемите на стечајците треба да се решат. Меѓутоа и тоа не ме изненадува мене, бидејќи јас не сум еден од тие што упаѓа денеска, туку навистина во континуитет од моето полнолетство, од 1990 година до денес, ги следам економските, значи потенцирам, економските повеќе а помалку политичките а најмалку политиканските случувања во Република Македонија. И затоа сум ве предвидил, веќе лесно се читате, па мојата утрешна колумна во "Време" која што ја пишував синоќа зборува токму за тоа што вие денес го зборувате иако сабајле поминавме дури 8 точки на дневен ред, донесовме и неколку закони, знаев дека тоа експресно ќе помине а дискусијата ќе застане и ќе се заглави на еден амандман кога е во прашање демагогијата, политиканството и кога е во прашање собирање на политички поени на грбот на оние кои што најмалку заслужуваат. Впрочем, не случајно нашиот народ кажал "се кине таму каде што е најтенко",а најтенко е кај невработените и кај стечајците. Треба ли да потсетам дека 1990 година имавме 24% невработеност а сега имаме 30%, и вие кажете колку, не е важно, нека е и 34%. Не е важно колку, иако е многу повеќе, и треба ли да потсетам дека тоа се случува во период кога најмногу на власт бевте вие. Секако дека не треба и дека стечајците и невработените го знаат. Искрено, како член на Социјалистичка партија, не мислам дека Владата баш треба подеднакво да ги третира сите стечајни работници во групата на невработени, особено не оние стечајни работници кои што останаа под стечај а претходно работеа во претпријатија што биле во државна сопственост, значи државата требала да се грижи за нив, државата ги продала без да му даде било каква обврска на идниот, на новиот сопственик тие луѓе да ги задржи на работа.

Значи морално право е, сепак не зависеше од тоа, во 90% тоа го направија Владите на чело со Бранко Црвенковски. Сепак континуитетот, државата е иста. Мислам, министре на таа група на стечајни работници, штоза среќа не се 32.000, мора да им се најде, морално е Владата да им најде поинакво решение и морално е да ги третира малку поинаку од било која група невработени. Меѓутоа јавноста сакам да има увид во образложението што го даваат предлагачите на амандманот. Затоа ќе ми дозволите една реченица, да слушне македонската јавност.

Вели: "Амандманот се предлага за да се врати с тарото решение на овој член во постојниот закон за кое сметаме дека е поповолно во однос на невработените лица што по престанокот на последниот работен однос, би имале над 25 години стаж на осигурување".

Сега, гледајте ме вие мене во очи, како што јас вас ве гледам, сите членови на СДСМ, независно дали се нови или стари пратеници и кажете ми кој го укина старото решение, зошто го укинавте. Зарем не е лицемерие што сега вие барате да се врати старото решение. Од друга страна, дозволете, предлагачи се следните: Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска. Еве, јас не повикувам камери, ама народот мене ми верува, верувам, ќе кажам дека во првите два реда на СДСМ каде треба да седи поранешниот премиер, поранешниот вицепремиер, поранешниот министер за финансии, кои што се сега актуелниот претседател на СДСМ, актуелниот потпретседател на СДСМ итн., ниту еден нема. Значи, ве молам, немојте понатаму да се повикувате на такви демагогии. Лесно е да се игра со нервите на народот. Најлесно е да се игра со оној кој е најглавен, ама чесно е сите ние да си признаеме дека барем 1% од одговорноста имаме, ако не повеќе и како граѓани на Република Македонија, а да не зборувам како членови на СДСМ, а да не зборувам како министри или премиери во Влада на СДСМ кои доведоа до сето тоа. Затоа сакав ова образложение да го прочитам.

Сега уште нешто. Добро е што вие собирате поени на сметка на тие луѓе и покажувате овде демагошка загриженост. Еве верувам дел од пратениците имаат искрена загриженост, не можам да кажам, ако сакате и по име и презиме ќе ви прочитам, ќе ви ги кажам тие што имаат искрена загриженост. Дури и дел од предлагачите имаат искрена загриженост. Меѓутоа, зарем нема со тоа да и нанесеме катастрофални последици на Република Македонија со тоа што ќе предизвикаме лавина на делигирани стечаи, посебно на семејните безниси, таму каде сопствениците и вработените на фирмите имаат 25 години стаж и кои намерно ќе ги си ги стават фирмите во банкрот за да ја уживаат таа привилегија и ќе го уништат Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за кој, не знам министре, во моментот над 100 илјади луѓе, можеби и 200 илјади, ги уживаат благодетите од тој фонд затоа што цел живот додека работеле плаќале во тој фонд. Немојте да си играме игрички, немојте да си играме со оган. Тоа се однесува и на едните и на другите. Затоа јавно треба да кажеме дека ситуацијата е многу сериозна, дека нема

волшебно стапче ниту еден човек во Република Македонија, ниту една владеачка гарнитура кој ветувал, нека му служи на чест, не знам, јас знам Социјалистичката партија што кажува во континуитет за тоа. За жал, немаше слух ниту една Влада, особено на СДСМ. Затоа во 1996 година, ние ги растуривме коалиционите односи, иако, наводно и двете партии сме леви. Жално е сега да се нема трунка совест. Прво, треба да се исчисти сопствениот двор, а потоа да се критикува комшијата.

Диектен причинител на ваквата ситуација, во 90%, во Република Македонија каде од 24 на 34% се зголемила невработеноста, е сепак СДСМ. Мислам дека стечајците тоа многу подобро го знаат. Затоа да се погледнеме сите во очи. Најмалку што ни треба сега во оваа ситуација, можеби вие од опозицијата ќе мислите, некои од вас, не сите, дека ќе ви биде од корист ако се блокира работењето на Фондот за ПИОМ. Меѓутоа, тоа ќе доведе до катастрофални последици во државата. Сите тоа ние го знаеме. Затоа не е срамно на сите стечајци, на сите вработени да им се каже дека ова не е решението, не затоа што ние не сакаме да им најдеме на нив решение, туку затоа што со тоа ќе ги доведеме во ситуација во која сега се тие и сите оние кои сега се пензионери. Секако човек кој пател, а најмногу патат невработените и стечајците, не сакаат на нивно дереџе да дојдат и тие кои се најмалку виновни, во моментот пензионерите, туку сакаат на нив да им се создаде амбиент за вработеност.

Да не должам многу, бидејќи сите сме заморени, веќе сме при крај на дискусијата, сакам уште еднаш да апелирам, да ги тргнеме тие наши демагошки фрази, однапред да се извинам доколку ми звучело демагошки, а ако ме разубедите дека не е, ќе прифатам такво нешто. Меѓутоа, сега да се нуди адхок предлог решение и тоа посебно кога знаеме дека сега не е на дневен ред законот за стечај, туку закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, мислам дека сепак е демагогија. А тоа што јас сум ве предвидел, само ми дава за право, морално право сега да ве искритикувам, бидејќи се покажавте на дело, јас не сум Нострадамус, не сум Баба Ванѓа, ама синојќа кога ја пишував колумната за утрешно “Време” сум знаел дека денес опозицијата цел ден ќе расправа за овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Витанов.

Три минути реплика за пратеничката Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Слушнавме една доста вдаховена дискусија од почитуваниот колега и би сакала да кажам дека кога не би ја имале говорницаа, многумина колеги немаат каде да ги рекламираат нивните колумни. Но, добро е што можат вака да си направат и реклама, а сигурно дека и ина медиумот во кој објавуваат, му прават реклама, па утре да го прочитаат повеќе луѓе. Но, почитуван колега Витанов ги слушнавме и вашите визионерски способности. Но, да бидеме искрени и вие многу пати бевте дел од Владата, така што не само оваа страна дека се нови пратениците и никогаш не учествувале во Владата, туку исто така и Социјалистичката партија, ќе ве потсетам до 1998 година бевте во Влада и 2000-та година настапувавте заедно со коалицијата За Македонија, на локалните избори. Значи, не е точно дека 1996 година сте ја напуштиле коалицијата. Кога сте веќе кај годините очигледно дека немате добро помнење затоа што прашавте кој го укина старото решение. Старото решение е укинато во март 2000-та година кога на власт беше ВМРО ДПМНЕ или коалицијата За промени.

Сосема на крајот, да не ги делиме пратениците од прв, втор и трет ред, туку сите овде пратеници сме еднакви и наша основна цел и задача е да го слушаме гласот на народот, да ги застапуваме правата на оние кои не избрале. Понатаму не би ви реплицирала околу самиот говор затоа што право е секој да си има свој став и јас го почитувам вашиот став но и не сте вие тука да судите кој говори искрено, а кој не. Се согласувам, не ни требаат популистички и демагошки дискусии на ова многу чувствително прашање, но вие не сте тој кој ќе ја цените искреноста на пратениците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Најпрвин ви благодарам за рекламата за колумната што вие придонесовте да ви ја кажам, а еве и темата ќе ви ја кажам, се вика “Менаџмент на трудот”, чисто да знаете дека навистина сум предвидел за што ќе дискутирате денес цел ден, демагошки, повторувам, и јавно кажувам дека ве осудувам за вашата демагогија, бидејќи заради вас, Република Македонија е на водечкото место во Европа по бројот на невработени. Тоа морате да си го запамтите и да си го знаете.

Госпоѓо Топузовска Каревска, четири години вие не го вративте ова старо решениеи ќе ве потсетам, во 2003, 2004, 2005 и 2006 година сте правеле измени на овој закон. Еве јавно ве прашувам сите вас, зошто не го вративте тогаш старото решение кога четири пати сте го отварале овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Николов Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прво, жал ми е што има колеги кои мислат дека се над другите пратеници и кои тука дискутираат од аспект на некои стручњаци.

Ако господинот Витанов се смета за толку стручен и способен тогаш му предлагам да си побра друга професија, бидејќи ако тука се ширело политиканство и демагогија, не може човекот да се реализира, па подобро е да си побара некоја друга професија за тука да не не оптоварува со својата експертиза и да не зборува по предлогот што е на дневен ред.

Вие господине Витанов прво дискутиравте за погрешен амандман. Тоа не е амандманот за

којдискутираме и образложениeто кое го прочитавте не е дел од тој амандман. Меѓутоа, и да е дел од тој амандман. Значи целта на амандманот е да се врати старото решение за сите оние кои имаат 25 години работен стаж да можат да примаат паричен надоместок до нивно повторно вработување или до одење во пензија. Значи, немаше никаква основа вашата дискусија дека ќе се оптовари пензискиот систем. Ваквото решение, за волја на вистината го промени Владата на ВМРО ДПМНЕ. Овде е указот објавен на 23 март 2000-та година, со кој се укинува решението со 25 години работен стаж да се оди во пензија, да се прима надоместок од Бирото за вработување, до повторно вработување или одење во пензија и се воведе решение со 55 години старост, или 15 години стаж. Така што од тој аспект, вашето морално право, вашата етика, во најмала рака треба да покажете доблест и да кажете дека од тука почна целата голгота на овие стечајни работници, а да не не обвинувате тука дека само СДСМ е одговорен, како во оваа држава за сите лоши работи е одговорен СДСМ а за сите добри работи само вие си ги припишувате. За жал граѓаните во Република Македонија добро ги ценат работите и можат да проценат кој за што се залага.

Инаку, најчудно ми е кога зборувате за невработеноста. Како пред изборите зборувавте дека изнесува, а сега точно сакате да знаете колку проценти била невработеноста. За жал времето не дозволува да кажам уште за неколку ваши поенти.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика за господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Јас вас ве замолив вие да ми кажете колку посто е невработеноста и за да не ми реплицирате на тоа кажав 34%, како најоптимистичка бројка. Еве прифаќам дека е 44%, ама од кога е 44%, господине Марјанчо.

Второ, јас пак ќе потенцирам, вашата партија господине Марјанчо четири пати го отварала овој закон. Четири пати во својот мандат правела измени и ниту еднаш не ви текна да ја донесете таа измена. Затоа директно ве прашувам зошто сите пратеници кои што се потпишани се нови пратеници, и зошто на овој амандман не е потпишан, ако е толку важен како што кажувате, вашата лидерка Радмила Шеќеринска, вашиот поранешен министер за финансии, актуелен пратеник Никола Поповски и поранешниот премиер Владо Бучковски, одговорете ми.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас мислам дека говорот на господинот Витанов може да биде ученички пример за демагогија и политиканство. Му порачувам на господинот Витанов, наместо да го фокусира погледот на оваа страна на говорницата, да го фокусира погледот на неговата страна, на страната на ВМРО ДПМНЕ, на неговите коалициони партнери и да праша каде е Силвана Бонева која беше носител на листа во неговата изборна единица кога заедно го даваа ветувањето дека ќе им се реши статусот на овие граѓани. Како тоа не беше тогаш собирање на политички поени на грбот на овие граѓани, туку е сега кога се во позиција, да не ги поддржуваат овие решенија.

Меѓутоа, јас не сум изненадена, со оглед на тоа што господинот Витанов доаѓа од Социјалистичката партија која е најдолго на власт во Република Македонија, верувале или не. Народот има една изрека што сметам дека не е момент овде да ја кажам, меѓутоа господинот Витанов ја знае. Нема Влада во која Социјалистичката партија не била на власт, освен во претходниот мандат на СДСМ и јас бев среќна дека е тоа така.

Јас сакам да му верувам на господинот Витанов и исклучително почитувам тоа што се занимава со економските текови во овие години наназад. Меѓутоа, јас до сега не сум прочитала од него колумна во која се осврнува на начинот на плаќање на вработените во Силекс и на реакција зошто на нив им се даваше плата во бонови, кога бонот не е платежно средство во Република Македонија. Кога ќе ми одговори на тие прашања, тогаш искрено ќе верувам дека не е демагог и политикант и дека искрено настапува од говорницата. Се до тогаш ќе го сметам за класична лекција по демагогија и политиканство.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Витанов.

**Зоран Витанов:** Госпоѓо Грковска, вие бевте четирти години на власт кога Силекс делеше бонови? Зошто не го уапсивте господинот Љубисав Иванов, ако правел криминал? Ова е демагогија. Инаку, јас треба да зборувам за моето претпријатие, а не за Љубисав Иванов и за Силвана Бонева. Моето претпријатие се вика Трејд, финансиски консалтинг. 17 години постои. Ви благодарам што ми овозможивте да проговорам и за него и се надевам безплатна реклама. Дајте да зборуваме за мене. Тоа што не сте го уапсиле господинот Иванов, зборува дека човекот чесно си ја работел работата. Ако не е така, јас прв ќе поддржам апсење на било кој криминалец, без исклучок, ама немојте, кога сте имале можност, а не сте направиле, сега да зборувате. А за социјалистите, па вие сте наследник на Комунистичката партија, не сме ние. Социјалистите беа опоненти на комунистите во поранешниот систем.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеничката Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине Витанов, не престанувате да ме изненадувате, дури и вчудоневидувате.

Дали вие се јавивте на оваа говорница околу амандманот или имавте сосема друга намера, да се нападне цврстиот став што пратеничката група на СДСМ го има околу конечното решавање на статусот на стечајните работници во Република Македонија. Да потсетам, тој став не е изменет

ниту од страна на пратениците на пратеничката група во минатиот состав на Собранието, ниту пак сега. Дали вие, господине Витанов имате личен анимозитет кон СДСМ, или пак сте исклучително политички прагмат. Секој ваш говор е глорификација на работата на оваа Влада, особено на работата на премиерот каде вие сте не апсолутно малцинство, туку, дозволете ми да парафразирам, миноритет.Вие господине Витанов сте член на Социјалистичката партија, да потсетам, лево ориентирана партија која дава жмигавец на десно, учествува во реализацијата на програмата на една крајно десничарска конзервативна партија.

Заборавивте ли колку време бевте коалициони партнери на Социјал демоктарскиот сојуз, односно владите што ги предводевме ние? Мислите ли дека јавноста има кратко сеќавање? Ова е ваше слабо паметење или, како што кажа колешката чисто политиканство. Или пак, што помала партија тоа уште погласно, уште поревносно си го обезбедувате местото во владината коалиција и тоа во очи на најавената претстојна реконструкција на Владата?

И, уште едно прашање, дозволете, до вас господине Витанов. А, каде ли ви забегал вашиот претседател на Социјалистичката партија? Не го гледам дека е присутен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Витанов Зоран контра реплика од една минута, повелете.

**Зоран Витанов:** Е, па, дозволете ми уште една минута постави ново прашање. Сакам со мерак да одговорам на сите прашања на госпоѓата Весна Бендевска. Ако е вашиот став госпоѓо Бендевска, цврст како што вие велите, ќе беа потпишани тие што ги повикав? Погледнете ги празните столчиња. Значи, не ви е цврст ставот, туку демагошки. Затоа ви предвидов дека тука ќе заглавиме со дискусијата.

Да, кон Социјал демоктарскиот сојуз имам анимозитет. Социјал демоктарскиот сојуз ја уништи економијата во Република Македонија и тоа мора да се знае. И имам анимозитет кон сите кои ја уништуваат економијата.

Велите дека ние сме малцинство во Владата, а јас ја фалам Владата?!. Тоа е доблест. Е, токму тоа му фали на Социјал демоктарскиот сојуз. Ако не е Социјал демоктарскиот сојуз не чини, а ако е чини. Еве, јас имам доблест да кажам дека овој премиер се зафати да ја решава економијата.

Уште нешто. Народот, со рејтингот што го ужива тој човек, му покажал дека сепак заслужува поддршка овој човек. Ништо повеќе од тоа.

За моите афинитети, да ви кажам амбицијата ми е 4 години да останам во Парламентот...

**Бесим Догани:** Благодарам, благодарам.

Збор има пратеникот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Почитуван потпретседателе,

Јас ќе отпочнам со тоа дека вчера беше Прочка и за малку ќе бев убеден дека во Социјал демоктарскиот сојуз си простиле. Ама, не ги видов Бучковски и Шекеринска заедно, па затоа не знам дали она единство што го декларираат тука е вистинито или е само провизор...

(Пратеник од Социјал демоктарскиот сојуз бара збор процедурално)

Ќе добиете и процедурално, не се секирајте. Без брзање.

**Бесим Догани:** Повелете господине Грозданов.

**Цветан Грозданов:** Ќе се навратам на она што беа изнесени некои невистини или некои видувања.

Се зборуваше за апсења. Имаше апсења и ќе има апсења. Само во оваа Влада. Ако заборавивте, во Социјал демоктарскиот сојуз имаше само едно апсење со Амди Бајрам. Ништо друго.

Ќе продолжам понатаму околу популизмот и демагогијата. Ќе се осврнам на она што старите пратеници на Социјал демоктарскиот сојуз го изнеле, односно го кажале своето видување по однос на истиов закон, Предлог на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Ќе кажам само неколку извадоци, ќе кажам само дека последните податоци што ги добивме од Агенцијата за вработување зборуваат за една алармантна состојба односно за податок дека во февруари 2002 година евидентирани се околу 300 илјади невработени лица. Ќе напомнам дека ова беше во 2002 година кога Социјал демоктарскиот сојуз беше на власт, оваа бројка дојде до близу 400 илјади невработени.

Ќе извадам уште еден мал извадок од стенограмите, во кои што вели, како резултат на постојаниот пораст на невработеноста, забележан е постојан тренд на пораст на невработените лица, корисници на паричен надоместок по основ на невработеност. Последните податоци, кон крајот на 2002 година зборуваат дека ваквите корисници има околу 47 илјади, што е голем број и што претставува очигледен товар на Буџетот на државата. Јас сум убеден дека ниту еден од овие 47 илјади луѓе не би сакал да биде на товар на Буџетот на државата доколку претходните влади им овозможеа да продолжат овие фирми да работат, што намерно ги втурнаа во стечај и ги прогласија, и ги ликвидираа.

Тоа што сакам да напомнам е дека овде се насира популизмот и она што е демагогија.

Граѓаните на Македонија точно процениле. Да, јас ќе кажам процениле, процениле на 5 јули и си го кажаа своето мислење. Немојте да мислите дека граѓаните на Република Македонија се со кратко памтење, па за 5 или 6 месеци заборавиле што претходната влада зборувала за нив. Напротив, и ден денеска ги паметат овие случувања. Без разлика дали некој ќе го плати превозот и сендвичот, без разлика дали некој ќе ги донесе, ќе напомнам едно. Доколку бев во можност од сите тие, ќе ги повикав овде, ќе видите дека тоа беа голем број на луѓе кои беа партиски војници, кои беа дојдени тука за да кажат одредени видувања.

Се согласувам и сочувствувам со нив, оние кои навистина се невработени и со оние кои навистина го изгубиле своето работно место. Но не по вина на оваа Влада, туку по вина на владите што ги имаше Социјал демоктарскиот сојуз во минатото.

Бев повикан и затоа земав збор, од тука, од ова место можам одговорно да тврдам дека во Петтата изборна единица, онаму каде што присуствував јас на предизборната кампања никаде, никаде не ги сепарираваме граѓаните, не ги делевме по тоа дали се технолошки вишок, дали граѓаните се стечајци или граѓаните останале без работа под одредени околности. Денеска многу малку гледам дека колегите од Социјал демоктарскиот сојуз зборуваат по однос на Законот за осигурување во случај на невработеност. Повеќе ширеа демагогија и повеќе ширеа популизам. Така што, мислам дека граѓаните имаат доволно чувство да ги сфатат овие популистички методи на Социјал демоктарскиот сојуз. Реков, бев повикан да го кажам ова и уште еднаш тврдам дека ВМРО-ДПМНЕ во својата предизборна кампања, поточно онаму каде што бев присутен јас, ќе кажам во Петтата изборна единица, секогаш ветувавме дека ќе имаме напредок во економијата и дека на овие граѓани ќе се потрудиме да им овозможиме реални вработувања. Отворање на реални работни места. Не како што беше случајот со она како што беше Бранковиот закон, не како што беше случајот со она што тие го декларираа дека ќе има по еден вработен од едно семејство. Ние никогаш не ветивме такво нешто. Ние ветуваме дека ќе имаме напредок во економијата, ние ветуваме дека со економски прогрес ќе се потрудиме да имаме што е можно помал број на врботени. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Кондарко Борис е пријавен за реплика.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина, слушајќи ја оваа реплика по овој амандман, навистина сум изненаден и разочаран и од ниското ниво на кое се води дискусијата, меѓутоа и од несериозниот пристап што пратениците, посебно од власта го имаат. Не можејќи да се соочат со аргументите на опозицијата, секогаш мораме да се враќаме во минатото кој што правел. Тоа не не води напред.

Да расчистиме една работа. Јас ќе се согласам, веднаш на почетокот со констатацијата на колегата дека токму за оваа работа, можеби, оваа сегашна Влада не е виновна. И, еве, така е. Меѓутоа, оваа, сегашна Влада ја замени Владата на СДСМ за да биде подобра. Нејзина е обврската и одговорноста да го реши овој проблем. Впрочем, оваа Влада дојде на власт ветувајќи во кампањата дека ќе ги решава ваквите и слични проблеми. А, СДСМ изгуби затоа што не успеа да ги реши. Јас тука се согласувам со вас. Меѓутоа, вид дојдовте за да бидете подобри, да оди Република Македонија напред. Инаку, исто и јас имам за поедини министри од претходната Влада на СДСМ лошо мислење. Мислам дека лошо работеле. Тука сакам да бидам и критичен и самокритичен.

Меѓутоа, не може вечно, со стереотипните објаснувања: вие така правевте, ова го затекнавме, рејтингот итн, итн. Мислам дека тие банални изговори не држат.

Постојано велите дека треба да системски начин да се реши. Кој ве спречува? Предложете подобро решение. Ние не сме на власт, па не можеме на никаков друг начин да влијаеме, да помогнеме, освен на ваков начин со амандмани. Затоа ги предлагаме. Вие го оспорувате и тоа право.

Ако имате подобро решение, во секој момент како Влада можете да го предложите. Никој не ве спречува. Мислам дека е срамота, затоа што со таков однос да одговарате на луѓето, со такво лицемерие, кои гласале за вас и кои ве донесоа на власт.

Мислам дека клучната работа, господо пратеници од власта во Република Македонија не само за оваа Влада, за било која друга влада е дека не само за стечајците, не само за вработените, што треба да се вработат, да се намали нивниот број, туку и за оние што работат треба да им овозможите поголеми плати, да им остануваат во месецот 100 или 200 евра повеќе. Тогаш Република Македонија ќе има просперитет и ќе види фајде било која нова влада. Во спротивно, било која нова влада ќе го доживее успехот како и на секоја претходна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави Николов Марјанчо, повелете.

(Реакција од пратеникот Николов и останатите пратеници дека до 18,00 часот има многу малку време)

Па, трет пат му е на господинот Николов ова и мислам дека сега ќе биде пократок.

**Марјанчо Николов:** Добро, во интерес на Собранието да бидам пократок, ќе кажам дека поголем дел од дискусијата што сакав да ја кажам ја кажа колегата Кондарко.

Значи, ова е начин на кој што ние сметаме дека треба да се реши овој проблем во Република Македонија. Вие или владеачкото мнозинство ја имаа одговорноста, дали можеби мисли поинаку да се реши ова прашање? Нека даде предлог, ние ќе го поддржиме.

Ние ја поддржуваме Владата во оние мерки што се во интерес на граѓаните и во интерес на економијата во Република Македонија.

Бевме сведоци минатата недела и веќе денеска, дека оние закони што се во интерес на Република Македонија поминуваат без дискусии и дека немаме многу забелешки. А, онаму каде што имаме забелешки интервенираме амандмански. Мислам дека не држи обвинувањето дека ние сме против економскиот просперитет.

Тоа, Владата си бара алиби за тоа што до сега нема резултати. Можеби времето е кратко, ќе почекаме уште малку. Мандатот ни е до 2010

година, се надевам дека ќе се оствари она што владеачкото мнозинство го ветуваше.

Само во однос на бројот на невработени, ако е тоа толку битно прашање во Република Македонија, ако сака некој да печали поени на тоа дали биле 350 или 320 илјади. Би сакал да кажам дека во август или во јули 2006 година, според статистиката на Министерството за труд и социјална политика, од 31 јануари 2007 година бројот на невработени изнесува 320.947. А, од август до ноември, во ноември месец изнесува 364.463 невработени. Тоа значи повеќе од 23 илјади нови невработени има во Бирото за вработување во Република Македонија. Меѓутоа, ова го кажувам иако не се однесува за амандманот, во интерес на јавноста.

Жал ми е што во однос на амандманот, некои од пратениците се потсмеваа, сакаа да го релативизираат или го искористија за политичка пресметка со опозицијата, а притоа заборавајќи дека овој амандман се однесува за конкретна група на граѓани. Но, тоа е одговорноста за нашето однесување и за нешето настапување во Парламентот.

Јас само би потсетил на сите оние кои се смееја, на една изјава од еден нивни пратеник од првиот Парламент, Митко Анастасовски, кој за жал е починат, покрај тоа што беше познат по “врапчињата”, имаше една реченица, велеше “не се смејте денеска, утре ќе плачете”. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Тука ја прекинуваме денешнава седница.

Утре продолжуваме во 11,00 часот, со нова, 33-та седница, а по завршување на 33-та седница, продолжуваме со 16-та седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 18,01 часот)